Република Северна Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

Факултет за ветеринарна медицина - Скопје

Република Северна Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
ФАКУЛТЕТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА во СКОПЈЕ
Бр. 03 - 35
17.01.2025 год.

# Годишен извештај за работа на Декан на Факултет за ветеринарна медицина – Скопје

Проф. д-р Деан Јанкулоски

Скопје Јануари 2025

Содржина

1. Вовед ... 4
2. Наставно-образовна дејност ... 7
2.1. Додипломски студии (интегриран прв и втор циклус) по ветеринарана медицина ... 7
2.2. Упис на нови студенти на додипломски студии во учебната 2024/2025 година ... 9
2.3. Клиничка-теренска практика на студентите на Факултет за ветеринарна медицина-Скопје ... 11
2.4. Реакредитација на студиска програма интегрираните додипломски студии од прв и втор циклус по Ветеринарна медицина – англиски јазик ... 12
3. Наставно-научен кадар, демонстратори и стручни соработници и визитинг наставници во реализацијата на наставно-образовниот процес ... 12
3.1. Наставно-научен кадар (избор/реизбор) ... 13
3.2. Демонстратори и стручни соработници ... 13
3.3. Визитинг наставници ... 16
3.4. Втор циклус специјалистички студии по безбедност и квалитет на храна ... 19
3.5. Трет циклус докторски студии ... 20
3.6. Постојани работни тела-Комисија за настава ... 21
3.7. EAEVE ... 21
4. Издавачка дејност на ФВМ-С ... 23
4.1. Комисијата за издавачка дејност ... 23
4.2. Публикации ... 25
5. Научно-истражувачки активности ... 26
5.1. 10-ти Денови на ветеринарна медицина и 2-ра Европска конференција за ветеринарна и медицинска едукација 2024 ... 26
5.2. Македонски ветеринарен преглед (Macedonian Veterinary Review) ... 29
5.3. Научно-истражувачка работа ... 31
6. Континуирана едукација ... 41
6.1. Одржани обуки/работилници ... 41
6.2. Меѓународни обуки реализирани на ФВМ-С ... 42
7. Центар за едукација, примена, развој и унапредување на ветеринарната медицина ЕДУВЕТ ДООЕЛ ... 43
8. Промотивни активности на ФВМ-С ... 44
9. Студентска организација и студентски активности ... 46

9.1. Факултетското студентско собрание ..... 46
9.2. Работилници и настани организирани од страна на студентите ..... 47
10. Совет за квалитет и комисија за самоевалуација ..... 48
11. Кадровска состојба на факултетот ..... 49
12. Одбор за соработка и доверба со јавноста ..... 50
13. Меѓународна соработка ..... 51
13.1. Програма CEEPUS ..... 51
13.2. Програма ERASMUS + ..... 53
13.3. Меѓународни активности ..... 55
14. Применувачка дејност ..... 56
15. Работа на органи на управување на факултетот ..... 59
15.1. Наставно-научен совет ..... 59
15.2. Деканатска управа ..... 59
16. Заклучок ..... 62

1. Вовед

Законската обврска за годишен извештај на деканот на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје произлегува од член 114 од Законот за високо образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/2021 и 58/2024), член 243 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (УКИМ), (Универзитетски гласник бр. 425/2019) и член 67 од Статутот на Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје – (пречистен текст) (Универзитетски гласник бр. 460/2019 и 460/2023-Анекс). Извештајот се поднесува до Наставно-научниот совет и до ректорот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Во извештајот се презентирани активностите и постигнатите резултати во работата на Факултетот, а се однесуваат на наставно-образовната, научно–истражувачката и применувачката дејност. Извештајот го опфаќа периодот од 1.2.2024 до 24.01.2025 година.

Година во која со Одлука на Ректорската управа бр. 02-181/36 од 30.01.2024 година е потврден мојот избор за декан, беше конституирана деканатска управа, а на сила стапи и беше имплементиран новиот статут на факултетот, беа доделени решенија за назначување на Раководители на Националниот институт за ветеринарство и храна, Раководители на работатории и Центри. Во извештајната година беше изготвен и самоевалуацискиот извештај за потребите на прелиминарната визитација од страна на European Association of Establishments for Veterinary Education (EAEVE) и унапредување на наставниот процес, беа организирани 10. Научна конференција Денови на ветеринарна медицина и 2. Научен собир за ветеринарна едукација и беше изготвена документацијата за ре-акредитација на студиската програма од прв и втор циклус интегрирани студии на англиски јазик. Во 2024 година беа распишани конкурсите и завршени процесите за уписи на студенти во прв и втор интегриран циклус на студии и продолжи имплементацијата на проектот за подобрување на генетскиот потенцијал на млечните крави. Успешно беше завршена и ре-акредитацијата од страна на телото за оцена на сообразност согласно стандардот ISO IEC МКС 17025:2018. Издадени беа поголем број на учебни помагала и учебник, успешно функционира научното списание Македонски Ветеринарен Преглед со фактор на влијание. Голем дел од вработени учествуваа на научни конференции и на стручно оспособување и усовршување во земјата и странство, а набавена е стручна литература. Исто така набавена е и опрема за унапредување на наставните активности на факултетот, беа добиени согласности за легализација на простории во сопственост на УКИМ односно ФВМ-С и други активности.

Во овој извештај морам да оддадам признание на членовите на деканатската управа кои силно ме поддржуваа во реализација на моите програми за работа. Исто така признание морам да оддадам и на претходните декани на факултетот и на вработените кои со своите активности помогнаа во работата и формирање на структурата на факултетот и неговата позиционираност во општеството во изминатиот период.

За жал и понатаму постојат ограничувања во однос на вработувањата на млад кадар и пополнување на работните места според систематизацијата на факултетот. Исто така во периодот 14.02-26.06 согласно законските обврски факултетот мораше да ги почитува Изборниот законик и Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, во кој период беа ставени во мирување поголем дел административни активности. Најголемите предизвици со кои се соочуваме, а се отворање на нови ветеринарни факултети во земјава, што доведува до нелојална конкуренција и пад на квалитетот во ветеринарното образование, неповолни демографски движења поради миграцијата на младите, што резултира со континуиран пад на уписот на студенти, недоволно национално финансирање за развој и спроведување на образовни и истражувачки активности. Недостига и финансиска автономија и присуство на административни пречки кои го попречуваат развојот на образованието, истражувањето и активностите засновани на проекти во рамките на Факултетот. Понатаму, комплициран процес на запишување странски студенти во програмата Ветеринарна медицина на англиски јазик поради сложениот процес на прием и нострификација на документи во Министерството за образование и наука. Останува хроничната неможност да се вработи млад кадар на наставно-научни позиции поради вработување условено со одобрение од релевантни државни органи (Министерство за образование и наука, Министерство за финансии и Министерство за администрација). Факултетот е со ограничен простор за наставни, истражувачки, апликативни и клинички активности, а постои и недостаток на практична обука за зголемување на практичните часови на настава и пристап до капацитети за студентите да стекнат практични вештини. Сеуште не сме во можност да имплементираме поширока примена на iLearn/Moodle платформата за постојан пристап до наставните материјали и рационализација на административните процедури за испити. Останува да се реализира воведување втора смена и 24-часовни дежурства во Универзитетската ветеринарна болница за домашни миленици. Потребно е унапредување на капацитетите за предавања и попрактична обука за анатомија, патологија, клиники за фармски животни и опрема и простории за практична настава и производство на храна во сопственост на факултетот. Потребно е и зголемување на пристапот до практична работа во наставната програма со некои видови, како што се

коњите и егзотичните животни. Но и натаму останува како најголем проблем недостиг на млад и висококвалификуван наставен кадар по некои предмети и области од ветеринарната медицина.

Најдобри практики и научени лекции од претходната година се Институционални политики за обезбедување квалитет: Имплементација на новиот Статут на Факултетот со организациона структура приспособена на образовните и истражувачките потреби на запишаните студенти, развојот на политики за обезбедување квалитет. Формирани се работни групи на целиот релевантен персонал вклучени во подготовка за изработка на Извештај за самоевалуација за надворешна евалуација од страна на Европската асоцијација на установи за ветеринарно образование (EAEVE). Во изминатата година направено е креирање, одобрување и следење на студиски програми како реакредитација на Студиската програма прв и втор циклус интегрирани студии на англиски јазик. Во тек е проект за интензивирање на соработката со факултетите кои нудат наставни програми на англиски јазик за размена на факултети и подобрување на познавање на англискиот јазик. Успешно е спроведена интегрирана анкета за наставниот, административниот кадар и студентите преку системот iKnow. Набавени се животински модели како нови неинвазивни и наставни методи за студентите кои работат со животни.

Како декан согласно програмата во следниот период планирам понатамошен развој на наставно-образовната дејност со задржување на висок квалитет во образованието, исполнување на барањата од прелиминарниот извештај на EAEVE со цел исполнување на визијата добивање на статус полноправен член, развој на студиската наставна програма на додипломски студии од прв и втор интегриран циклус, зголемување на соработката со стопанските субјекти со цел овозможување на екстрамурална практика на студентите, понатамошен развој на клиниката за мали животни како и обезбедување на услови за формирање на клиника за големи животни, подобрување на условите за работа на вработените, поголема застапеност на пазарот на лабораториски услуги, учество во домашни и меѓународни проекти.

2. Наставно-образовна дејност

2.1. Додипломски студии (интегриран прв и втор циклус) по ветеринарана медицина

Имајќи предвид дека наставно-образовната дејност е примарна дејност на ФВМ-С, како и досега особено внимание се посвети на имплементација на едукативните процеси за потребите на студентите по ветеринарна медицина, со цел непречено одвивање и следење на наставата.

Во академската 2023/2024 продолжија активностите за подобрување и унапредување на наставно-образовниот процес на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје.

Во 2024 година, Наставно-научиот совет со Одлука број 0202-239/5 од 01.03.2024 година го усвои Извештајот за самоевалуација на високообразовниот процес на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје, за периодот 2018-2023 година, спроведен согласно Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација, донесен од страна на Националниот совет за високо образование и научно –истражувачка дејност. Истовремено, со усвојување на извештајот за самоевалуација беше усвоен и извештајот од студентската анкета за зимскиот семестар во учебната 2023/2024 година, со која беше евалуиран и позитивно оценет начинот на спроведување на наставно-образовниот процес (Одлука бр. 0202-239/4 од 01.03.2024 год.).

Оваа студентска анкета за последен пат беше изработена во хартиена форма на Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје, бидејќи со усвојување на Правилникот за обезбедување квалитет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, донесена е Стратегијата за обезбедување квалитет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (2024–2029), формирани се тела, совет и центар за квалитет на УКИМ и единиците, чија главна цел е развивање и унапредување на квалитетот во работата на сите дејности не само на Универзитетот, туку и на единиците. Со тоа, беа донесени стандардизирани обрасци за електронско спроведување не само на студентските анкети, туку и на анкететите од страна на вработените на ниво на единиците, и Универзитетот во целина за учебната 2023/2024 година.

Како и изминатите години, така и оваа, согласно Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус (додипломски студии) и втор циклус (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 417/2019) и Одлуката за правила на

студирање на интегрирани студии од прв и втор циклус (додипломски студии) и на втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје – Факултет за ветеринарна медицина – Скопје (Универзитетски гласник бр. 554/2023) и усвоениот Универзитетски календар, беше донесен и усвоен Студентскиот календар на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје за учебната 2024/2025 година (Одлука бр. 0202-1052/4 од 30.09.2024 год.).

Со усвојување на Студентскиот календар, од страна на Наставно-научниот совет на факултетот беа усвоени: Распоредот за предавањата и вежбите со време и место на одржување на наставата на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје за учебната 2024/2025 година (Одлука бр. 0202-1052/5 од 30.09.2024 година), Списокот за покриеност на настава на додипломски студии на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје на студиската програма Ветеринарна медицина во учебната 2024/2025 година (Одлука бр. 0202-1052/6 од 30.09.2024 год.), Распоредот на термини за пријавување на испитите и на термините на проверки на знаење со испитни рокови на интегрираните студии за прв и втор циклус студии на Факултетот за ветеринарна медицина - Скопје за учебната 2024/2025 (Одлука бр. 0202-1052/7 од 30.09.2024 год.), Листата на наслови на теми за континуирана едукација за учебната 2024/2025 студии на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје (Одлука бр. 0202-1052/8 од 30.09.2024 год.), Списокот за покриеност на настава на додипломски студии на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје на студиската програма Ветеринарна медицина - англиски јазик во учебната 2024/2025 година (Одлука бр.0202-1052/16 од 30.09.2024 год.) како и Распоредот за предавањата и вежбите со време и место на одржување на наставата на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје за учебната 2024/2025 година за студентите запишани на студиската програма Ветеринарна медицина на англиски јазик (Одлука бр. 0202-1052/17 од 30.09.2024 год.). Сите овие информации се достапни на веб страницата на Факултетот, и истите беа споделени со студентите на студиските програми Ветеринарна медицина на македонски и англиски јазик.

Согласно Одлуката на Наставно-научниот совет (бр. 0202-1020/15 од 20.09.2023 год.) и оваа година продолжи примената на протоколи за евиденција на наставата, работни тетратки, континуирани проверки и завршни испити. Целта на воведување на овие протоколи е да се овозможи следливост на квалитетот на наставно-образовниот процес согласно препораките и критериумите на EAEBE.

2.2. Упис на нови студенти на додипломски студии во учебната 2024/2025 година

На почетокот на 2024 година, од страна на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје беше доставен допис согласно кој сите единици имаа можност да се изјаснат индивидуално во однос на висината на износот на партиципацијата и школарината за македонските и странските студенти, пред распишување на Конкурсот за запишување студенти во прва година во учебната 2024/2025 година. На Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје, Наставно-научниот совет (Одлука бр. 0202—163/6 од 16.02.2024 год.) го усвои предлогот за измена на висината на школарината за странските студенти и тоа, за странски студенти на англиски јазик од оваа година висината на школарината изнесува 4000 евра во денарска противвредност, додека за странските студенти на македонски јазик изнесува 3000 евра во денарска противредност. Износот на партиципација од 200 евра-годишно и износот на школарина од 400 евра – на годишно ниво за македнските студенти остана непроменета.

Покрај измените на износот на школарината за странските студенти, од оваа година согласно донесениот Анекс - на Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус (додипломски студии) и втор циклус (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, од страна на Универзитетскиот сенат (Одлука бр. 02-779/1 од 24.6.2024 година), унифицирано се утврди и висината на надоместоците што ги плаќаат студентите надвор од партиципацијата, односно школарината: за напредување на студентот, за мобилност, за други права на студентите, како и за издавање на документи.

Со донесување на Одлука бр. 0202 — 163/5 од 16.02.2024 година, Наставно-научниот совет ги утврди потребите за распишување Конкурс за запишување студенти во прва година во учебната 2024/2025 година, за студиската програма од прв и втор циклус на интегрирани студии по Ветеринарна медицина на македонски јазик и англиски јазик при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. За реализација на Конкурсот за запишување студенти во прва година на Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје во учебната 2024/2025 година, беше формирана Конкурсна комисија во состав: Проф. д-р Ксенија Илиевска, Продекан за настава (претседател), Проф. д-р Елена Давидковска, член и доц. д-р Ристо Узунов, член (Одлука бр. 0202-616/16 од 04.06.2024 год.).

Конкурсната Комисија успешно ги реализира 3те уписни рока. Пријавувањето на кандидатите и поднесувањето на документите како и изминатите години беше комбинирано, така што кандидатите своите документи ги прикачуваа електронски преку платформата iKnow и истите беа доставени во Службата за студентски прашања, на

определените датуми за пријавување согласно Конкурсот. Рангирањето на пријавените кандидати и подготовката на ранг листите според вкупниот збир на бодови, беше изведено согласно објавениот Конкурс и Упатството за реализација на Конкурсот подготвено од страна на Универзитетската конкурсна комисија.

Во првиот уписен рок учебната 2024/2025 година се пријавија вкупно 15 кандидати. Од вкупниот број пријавени кандидати, се запишаа 13 студенти на ФВМ-С во државната квота (со партиципација од 200 евра годишно). Во вториот уписен рок се пријавија вкупно 4 кандидати, и сите се запишаа како студенти на ФВМ-С во квота со партиципација. Во третиот уписен рок се пријавија вкупно 4 кандидати, од кои еден кандидат на студиската програма Ветеринарна медицина на македонски јазик, еден кандидат на студиската програма Ветеринарна медицина на англиски јазик (акредитирана 2020/2021) и двајца кандидати кои се префрлија од други Универзитети во земјата и странство.

Во однос на студенти странски државјани, на студиската програма Ветеринарна медицина на англиски јазик, согласно одредбите од Конкурсот и Решенијата за запишување на странски студенти и студенти државјани на РСМ со завршено целокупно образование во странство доставени од Универзитетската конкурсна комисија, од вкупниот број пријавени кандидати (14), на Факултетот за ветеринарна медицина со комплетна документација се пријавија и запишаа 8 студенти во предвидениот рок. Од нив, 7 кандидати ги доставија своите документи без решение за нострификација, за кои единиците на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје добија допис - сите кандидати за кои се чека решение за нострификација, да бидат вклучени во наставната програма. Со тоа, збирно на ФВМ-С како бруцоши во прва година во учебната 2024/2025 година се запишаа 18 студенти со партиципација во износ од 200 евра на годишно ниво (денарска противвредност) на студиската програма Ветеринарна медицина, 8 студенти – странски државјани со школарина во износ од 4000 евра на годишно ниво (во денарска противредност) на студиската програма Ветеринарна медицина на англиски јазик, и 2 студенти кои ги продолжуваат своите студии со трансфер од друг Универзитет во земјата и во странство, и тоа: 1 странски студент со плаќање на школарина во износ од 3000 евра на годишно ниво (во денарска противредност) на студиската програма Ветеринарна медицина-македонски јазик и 1 студент македонски државјанин кој ги продолжува своите студии на студиската програма Ветеринарна медицина 2023/2024 со плаќање школарина согласно одредбите од Конкурсот (400 евра на годишно ниво).

Во меѓувреме, од 7 кадидати кои немаа решение за нострификација во моментот на поднесување на документите во предвидените уписни рокови, со право за упис и повторно отворање на матичните книги се стекна еден кандидат, со што бројката на запишани странски студенти во прва година се зголеми на 9. Посебно сакам да истакнам дека на почетокот на оваа календарска година (во учебната 2023/2024), на ФВМ-С се запишаа дополнително 2 студенти-странски државјани, за кои заради некомплетната документација во предвидените уписни рокови минатата година, немаа можност да се запишат, меѓутоа со континуираното залагање на продеканот за настава Проф. д-р Ксенија Илиевска, беше отворена матичната книга и студентите беа запишани на почетокот на календарската 2024 година. Со тоа бројката на запишани странски студенти во учебната 2023/2024 година се зголеми на 3.

Со Одлука на Наставно-научниот совет (бр. 0201 - 1275/2 од 18.11.2024 година) беше усвоен Извештајот за упис на студенти на интегрираниот прв и втор циклус студии на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје. Во учебната 2024/2025 година беа запишани 18 студенти.

Како и секоја година, во рамките на годинешниот јубилеј, на 15 ноември 2024 година на пригоден начин беа доделени дипломите на дипломирани студенти.

### 2.3. Клиничка-теренска практика на студентите на Факултет за ветеринарна медицина-Скопје

Согласно студиската програма Ветеринарна медицина 2018/2019 година, студентите почнувајќи од прва година, поточно по ислушување на летните семестри ја изведуваат својата клиничка-теренска практика во и надвор од рамките на Факултетот, со што директно имаат можност да се стекнат со нови практични искуства и да се запознаат со секојдневните активности кои ги нуди ветеринарната пракса во целина. За време на изведување на клиничко-теренската практика, студентите задолжително ги забележуваат секојдневните работни активности во работниот дневник, кои ги потпишува одговорното лице т.е менторот (ветеринарниот практичар). Оваа клиничко-теренска практика е еден од условите со кои се овозможува напредување на студентите во повисоките години, како и запишување на зимски семестар. Студентите имаат можност заклучно со 10. семестар оваа пракса да ја изведуваат во бројни ветеринарни амбуланти/клиники/фарми, Зоолошка градина-Скопје и сл., со кои Факултетот има потпишано билатерален/меѓусебен договор, како и во Универзитетска ветеринарна болница и/или лаборатории при ФВМ-С, додека во 11. семестар, покрај задолжителната практична настава која се изведува интрамурално под

надзор на наставник (координатор) од ФВМ-С, праксата со вкупно време од 240 часа треба да ја изведат исклучиво надвор од рамките на ФВМ-С, без надзор на наставник.

Факултетот, заклучно со 2024 година има потпишано и обновено вкупно 46 договори.

2.4. Реакредитација на студиска програма интегрираните додипломски студии од прв и втор циклус по Ветеринарна медицина – англиски јазик

Во 2024 година започна процесот за реакредитација на студиската програма на интегрираните додипломски студии од прв и втор циклус по Ветеринарна медицина – англиски јазик, при што е формирана Комисија за изготвување на предлог – проект за реакредитација на студиска програма од интегриран прв и втор циклус студии по ветеринарна медицина на англиски јазик на Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје од страна на Наставно-научниот совет со Одлука бр. 0202-1652/11 од 29.12.2023 година. Имајќи предвид дека во 2022 година беше започнат процесот на реакредитација на студиската програма на интегрирани додипломски студии од прв и втор циклус по Ветеринарна медицина на македонски јазик со што студиумот беше продолжен на 6 години согласно препораките од Европската асоцијација на ветеринарни високообразовни установи (EAEVE) и истиот започна да се применува од академската 2023/2024 година, при реакредитација на студиската програма на додипломски студии на англиски јазик Комисијата ги зема во предвид правилата за напредување на студентите т.е условите за слушање и полагање и истите се имплементирани во предлог-елаборатот на студиската програма на англиски јазик. Како резултат на зголемениот интерес на странските студенти, Комисијата воведе и два нови изборни предмети за изучување на англиската терминологија во пониските години - Introduction to English Veterinary Medical Terminology I и II. Во тек на подготовка на предлог-елаборатот за реакредитација на студиската програма на додиплосмки интегрирани студии од прв и втор циклус Ветеринарна медицина-англиски јазик, Комисијата ги зема и предвид препораките на членовите на тимот на ЕАЕВЕ за време на прелиминарната визитација, кои ја нагласија потребата од дополнителни часови на клинички ротации од клиничките предмети кои се инкорпорирани во 11. и 12. семестар во студиската програма.

3. Наставно-научен кадар, демонстратори и стручни соработници и визитинг наставници во реализацијата на наставно-образовниот процес

### 3.1. Наставно-научен кадар (избор/реизбор)

Во претходната година согласно Законот за високо образование беа распишани и реализирани конкурси за избор во повисоко звање од кои 2 редовни професори во научната област 40709 - Патолошка физиологија и 4.03.00.15 – Заразни болести со епидемиологија и 1 вонреден професор во научната област 40708 - Патолошка морфологија.

Исто така беше извршен избор и на два (2) научни советници во научната област Исхрана – диетика 40730, и Хигиена и технологија на производи и суровини од животинско потекло 40728.

Со цел понатамошно напредување на наставниот кадар Наставно-научниот совет донесе Одлука за формирање Рецензентски комисии за избор на четири (4) наставници во сите наставно-научни звања во научните области 4.03.00.05 – Микробиологија и имунологија, 4.03.00.09 – Болести на преживни животни, 4.03.00.17 – Хирургија, Офталмологија и Ортопедија, 4.03.00.19 – Репродукција на животни.

Со цел унапредување на соработничкиот кадар, Наставно-научниот совет донесе и одлуки за формирање Рецензентски комисии за повторен избор на четири (4) Асистенти во научните области, 4.03.00.05 – Микробиологија и имунологија, 4.03.00.17 – Хирургија, Офталмологија и Ортопедија, 4.03.00.15 – Заразни болести со епидемиологија и 4.03.00.18 Рентгенологија и физикална терапија.

### 3.2. Демонстратори и стручни соработници

Со цел подобрување на наставно-образовниот процес, согласно одредбите на Законот за високо образование, актите на Универзитетот и Факултетот, Наставно-научниот совет на Седницата одржана на 02.07.2024 година донесе Одлука бр. 0202-756/5 за утврдување на потреба за избор на демонстратори како помошници на наставно-образовниот процес.

Со Одлуката бр. 0202-994/3 од 05.09.2024 година, Наставно научниот совет распиша интерен оглас за избор и вклучување на демонстратори од редот на студентите (прв и втор циклус интегрирани студии и трет циклус, докторски студии) како помошници во наставно-образовниот процес, и формираше Рецензентска комисија во состав: Проф. д-р Ксенија Илиевска, Проф. д-р Искра Цветковиќ и доц. д-р Мирослав Ќосевски, за следните Катедри согласно побарувањата на предметните наставници:

- Катедра за патофизиологија - 1 демонстратор, Предмет: Патолошка физиологија (V и VI семестар),
- Катедра за Внатрешни болести на домашни миленици и копитари – 1 демонстор, Предмети: Внатрешни болести на домашни миленици и копитари (VII и VIII семестар) и Клиничка и лабораториска дијагностика на домашни миленици и копитари (VI семестар),
- Катедра за анимална хигиена – 2 демостратори, Предмет: Анимална хигиена (III и IV семестар),
- Катедра за биохемија и биологија на клетка – 1 демонстратор, Предмети: Биологија на клетка (I семестар), Биохемија (II семестар) и Клиничка биохемија (V семестар),
- Катедра за Внатрешни болести на фармски животни – 4 демонстратори, Предмети: Внатрешни болести на фармски животни (VII и VIII семестар) – 1 демонстратор Клиничка и лабораториска дијагностика на фармски животни (VI семестар) – 1 демонстратор, Визуелни дијагностички методи (V семестар) - 1 демонстратор, Внатрешни болести на фармски животни (VII и VIII семестар) – 1 демонстратор (за делот Болести на свињи),
- Катедра за функционална морфологија- 2 демонстратори, Предмет: Анатомија на животните 1 и 2 (I и II семестар) и Клиничка анатомија на животни (V семестар) – 1 демонстратор, Предмет: Физиологија на животните 1 и 2 (III и IV семестар)- 1 демонстратор,
- Катедра за одгледување на животни – 1 демонстратор, Предмети: Општо сточарство (III семестар) и Специјално сточарство (IV семестар),
- Катедра за заразни болести и епидемиологија – 1 демонстратор, Предмети: Заразни заболувања кај домашните животни (VIII и IX семестар) и Ветеринарна епидемиологија (IX семестар),
- Катедра за репродукција — 1 демонстратор, Предмети: Репродукција (VII и VIII семестар) и Клиничка практика на фармски животни (XI семестар) и
- Катедра за болести кај птиците – 1 демонстратор,Предмет: Болести на птиците (X семестар).

Врз основа на поднесениот Извештај на Комисијата со бр. 03-1216 од 15.10.2024 година, Наставно научниот совет на Седницата одржана на 18.11.2024 година донесе Одлука бр. 0202-1275/4 за избор на 5 (пет) демонстратори на ФВМ-С како помошници во

изведување на наставно-образовниот процес на прв и втор циклус интегрирани студии на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, за учебната 2024/2025 година, и тоа:

| **Име и презиме** | **Назив на предмет** |
|---|---|
| Верица Попоска | Патолошка физиологија (Катедра за патофизиологија) |
| Ена Добриќ | Анимална хигиена (Катедра за анимална хигиена) |
| Христина Милковска | Биологија на клетка и Биохемија (Катедра за биохемија и биологија на клетка) |
| Божидар Живковски | Анатомија на животните 1 и 2 (Катедра за функционална морфологија) |
| Андреа Стојановска | Репродукција (Катедра за репродукција) |

Покрај потребата за интерен оглас за вклучување на демонстраторите како помошници во наставно-образовниот процес, согласно одредбите од Законот за високото образование, Статутот на Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје, Наставно-научниот совет на седницата одржана на 5.09.2024 година донесе Одлука со бр. 0202-994/4 со која распиша интерен оглас за избор и вклучување на стручни соработници како помошници во изведување на наставно-образовниот процес, на прв и втор циклус интегрирани студии на Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје, на следните предмети:

- Предмет: Биологија и патологија на риби и Биологија и патологија на пчели (IX и X семестар) – 1 соработник,
- Предмет: Паразитологија и паразитарни заболувања (V и VI семестар) – 1 соработник,
- Предмет: Внатрешни болести на домашни миленици и копитари (VII и VIII семестар) и Клиничка и лабораториска дијагностика на домашни миленици и копитари (VI семестар)– 1 соработник,
- Предмет: Општа хирургија (VII семестар) и Специјална хирургија со ортопедија (VIII и IX семестар) – 1 соработник,
- Предмет: Општо сточарство (III семестар) и Специјално сточарство (IV семестар) - 1 соработник,
- Предмет: Патолошка морфологија (V и VI семестар) и Судско ветеринарство и ветеринарна етика (X семестар) - 1 соработник,
- Предмет: Хистологија со ембриологија 1 и 2 (I и II семестар) и Хистологија со ембриоогија (I и II семестар) на студиската програма на Англиски јазик - 1 соработник,

- Предмет: Репродукција (VII и VIII семестар) и Клиничка практика на фармски животни (XI семестар) - 1 соработник,
- Предмет: Анатомија на животните 1 и 2 (I и II семестар) и Клиничка анатомија на животните (V семестар) – 1 соработник.

Врз основа на поднесениот Извештај на комисијата со бр. 03-1217 од 15.10.2024 година, Наставно научниот совет на седница одржана на 18.11.2024 година донесе Одлука бр. 0202-1275/5 за избор на стручни соработници на ФВМ-С, како помошници во изведување на наставно-образовниот процес на прв и втор циклус интегрирани студии на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, за учебната 2024/2025 година, и тоа:

| **Име и презиме** | **Назив на предмет** |
|---|---|
| Моника Довенска | Хистологија со ембриологија 1 и 2 на студиските програми Ветеринарна медицина на македонски и англиски јазик (Катедра за функционална морфологија) |
| Александар Трајчовски | Биологија и патологија на риби и Биологија и патологија на пчели (Катедра за биологија и патологија за риби, пчели и дивеч) |
| Љубица Рашиќ | Паразитологија и паразитарни заболувања (Катедра за Паразитологија и паразитарни заболувања) |
| Димитар Божиновски | Анатомија на животните 1 и 2 и Клиничка анатомија на животните (Катедра за функционала морфологија) |
| Александар Јаневски | Патолошка морфологија и Судско ветеринарство и ветеринарна етика (Катедра за патолошка морфологија и судска медицина) |
| Тодор Новаков | Внатрешни болести на домашни миленици и копитари и Клиничка и лабораториска дијагностика на домашни миленици и копитари (Катедра за внатрешни болести на домашни миленици) |
| Филип Тројачанец | Општа хирургија со анестезиологија и Специјална хирургија со ортопедија (Катедра за хирургија, ортопедија и офталмологија) |

Избраните демонстратори, како и стручните соработници согласно Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот "Св.Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 411/2018) имаат потпишано договори за нивните активности согласно одлуките на органите на управување на Факултетот, и доставуваат месечни извештаи до продеканот за настава.

### 3.3. Визитинг наставници

Врз основа на донесените одлуки, во 2023/2024 година, во извештајниот период, наставата на Факултетот беше збогатена со предавања од визитинг-наставници (според

програмата на УКИМ) и гости професори врз основа на потпишани билатерални договори и/или по покана чии предавања на студентите им овозможија да ги слушнат најновите сознанија пренесени од искусни професори во областа на ветеринарната медицина.

Настава одржаа следниве 4 (четири) визитинг-наставници.

Во периодот 08-10.04.2024 год., Проф. д-р Ненад Турк од Ветеринарниот факултет при Универзитетот во Загреб, одржа настава, согласно со Одлуката на Ректорската управа бр. 02-551/11 од 19.04.2022 год за давање одобрение за ангажирање визитинг-наставник. Наставата беше спроведена во согласност со предвидената наставна програма на ФВМ-С за академската 2023/2024 година, и во соработка со Проф. д-р Кирил Крстевски, а со Одлука на Наставно-научниот совет за ангажирање на визитинг-наставник бр. 0202-412/10 од 30.03.2022 год., Проф. д-р Ненад Турк одржа предавања на студентите од осми семестар кои активно ја посетуваат наставата по предметот Заразни заболувања кај домашните животни при Катедра за заразни болести.

План на одржани предавања: Комплекс респираторни заболувања кај говедата (ИБР); Спонгиформна енцефалопатија кај говедата; Заразна шепавост, некробазилоза; Заразна корица

Во периодот 22-26.04.2024 год., Проф. д-р Ален Славица од Ветеринарниот факултет при Универзитетот во Загреб, настава одржа, согласно со Одлуката на Ректорската управа бр. 02-551/12 од 19.04.2022 год за давање одобрение за ангажирање визитинг-наставник.

Во согласност со предвидената наставна програма на ФВМ-С за академската 2023/2024 година, а со Одлука на Наставно-научниот совет за ангажирање на визитинг-наставник бр. 0202-412/10 од 30.03.2022 год., Проф. д-р Славица одржа предавања на студентите од десетти семестар кои активно ја посетуваат наставата по предметот Биологија и патологија на дивеч при Катедра за риби, пчели и дивеч. План на одржани предавања: 23.04.2023 год. Бактериски зоонози; Ловна кинологија; Одгледување на крупни диви животни; 25.04.2024 год. Техники на манипулација/манипулативна миопатија; Хемиска имобилизација.

Во периодот 27-29.05.2024 год., Проф. д-р Милан Малетиќ од Факултетот за ветеринарна медицина во Белград, при Универзитетот во Белград, настава одржа, согласно со Одлуката на Ректорската управа бр. 02-1129/16 од 20.12.2023 год за давање одобрение за ангажирање визитинг-наставник. Во согласност со предвидената наставна програма на ФВМ-С за академската 2023/2024 година, а со Одлука на Наставно-научниот совет при ФВМ-С за ангажирање на визитинг-наставник, Проф. д-р Милан Малетиќ одржа предавања на студентите од осми семестар кои активно ја посетуваат наставата по

предметот Репродукција при Катедрата за репродукција на ФВМ-С. План на одржани предавања: 28.05.2024 година. Ендометритис кај крави; Задржување на постелка; 29.05.2024 година. Пореметување на енергетски и минарелен метаболизам кај крави; Пуерперална дисгалакција синдром кај маторици.

Во периодот од 21-23.02.2024 год., Проф. д-р Артур Ниецвец од Факултетот за ветеринарна медицина, пру Универзитетот за природни науки во Вроцлав, настава одржа, согласно со Одлуката на Ректорската управа бр. 02-551/14 од 19.04.2022 год за давање одобрение за ангажирање визитинг-наставник. Во согласност со предвидената наставна програма на ФВМ-С за академската 2023/2024 година, и во соработка со Проф. д-р Елена Атанаскова Петров, а со Одлука на Наставно-научниот совет за ангажирање на визитинг-наставник бр. 0202-412/10 од 30.03.2022 год., Проф. д-р Артур Ниецвец одржа предавања на студентите од осми семестар кои ја посетуваат наставата по предметот Внатрешни болести на домашни миленици и копитари при Катедрата за внатрешни болести на домашни миленици и копитари. Предавањата се одржуваа во просториите на ФВМ-С, во горенаведениот период во предавална 4, во следните термини согалсно тематските единици: План на одржани предавања: 22.02.2024 година. Ендоскопија- дијагностичка процедура кај коњи и дополнителни дијагностички технкики (BAL, TW, TTW); Основен клинички преглед кај коњи- практична настава; 23.02.2024 год. Заболувања на горни дишни патишта кај коњи; Заболувања на долни дишни патишта кај коњи.

Во периодот 30-31.05.2024 год., Проф. д-р Јаков Нишавиќ од Факултетот за ветеринарна медицина во Белград, при Универзитетот во Белград, предавања одржа, согласно со Одлуката на Ректорската управа бр. 02-1129/17 од 20.12.2023 год за давање одобрение за ангажирање визитинг-наставник. Во согласност со предвидената наставна програма на ФВМ-С за академската 2023/2024 година, а со Одлука на Наставно-научниот совет при ФВМ-С за ангажирање на визитинг-наставник (бр. 0202-1402/4 од 8.11 2023). Проф. д-р Јаков Нишавиќ одржа предавања на студентите од четвртти семестар кои ја посетуваат наставата по предметот Микробиологија при Катедрата за микробиологија и имунологија на ФВМ-С. План на одржани предавања: 30.05.2024 год, *Bacillus spp.; Clostridium spp;* 31.05.2024 год. *Mycobacterium spp.; Staphilococcus spp.*

И оваа година беа донесени одлуки од Наставно-научниот совет за ангажман на визитинг – наставници. На седница одржана на 30.09.2024 година со Одлука на Наставно-научниот совет бр. 0202-1052/14, а во врска со барањето поднесено од продеканот за настава Проф. д-р Ксенија Илиевска бр. 03-1118 од 26.09.2024 година, се одобрува

вклучување на визитинг наставник од акредитирана високо-образовна установа од странство кој ќе извршува високо – образовна дејност за следниов наставен предмет: Биологија и патологија на дивеч, Проф. д-р Ален Славица редовен професор Универзитет во Загреб, Факултет за ветеринарна медицина – Загреб, Хрватска, за академската 24/25.

Одлуката е доставена до Ректорската управа на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје за добивање одобрение за ангажирање на визитинг – наставникот од точка 1 на оваа Одлука.

На седница одржана на 30.09.2024 година со Одлука на Наставно-научниот совет бр. 0202-1052/20, а во врска со барањето поднесено од Проф. д-р Елена Атанаскова Петров бр. 03-1118 од 26.09.2024 година, се одобри вклучување на визитинг наставник од акредитирана високо-образовна установа од странство кој ќе извршува високо – образовна дејност за следниов наставен предмет: Внатрешни болести кај домашни миленици и копитари, Проф. д-р Артур Ниецвец Редовен професор при Универзитет во Вроцлав, Полска Факултет за ветеринарна медицина, за академската 2024/2025.

На Седница одржана на 18.11.2024 година, Наставно-научниот совет донесе Одлука бр. 0202-1275/11 со која на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје се одобрува вклучување на визитинг наставник од акредитирана високо-образовна установа од странство кој ќе извршува високо – образовна дејност за следниов наставен предмет: Биологија и патологија на пчели Проф. д-р Ивана Тлак Гајгер Редовен професор при Универзитет во Загреб, Факултет за ветеринарна медицина – Загреб, Хрватска за академската 2024/2025.

Одлуките беа доставени до Ректорската управа на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје за добивање одобрение за ангажирање на визитинг – наставниците за што беше добиено позитивно мислење.

### 3.4. Втор циклус специјалистички студии по безбедност и квалитет на храна

На седница на Наставно-научниот совет одржана на 30.09.2024 година е донесена Одлука со бр. бр. 0202-1052/18 со која се формира конкурсна комисија за реализација на Конкурсот за запишување студенти на втор циклус студии – Специјалистички студии по безбедност и квалитет на храна на Факултетот за ветеринарна медицина - Скопје во учебната 2024/2025 година. Конкурсната комисија е должна да ја следи реализацијата на Конкурсот за запишување студенти на втор циклус студии – Специјалистички студии по безбедност и квалитет на храна на Факултетот за ветеринарна медицина - Скопје, да се грижи за доследно почитување на одредбите во Конкурсот, да дава упатства и мислења во

текот на неговото спроведување, да укажува на евентуалните пропусти и грешки, да се грижи за нивното отстранување и слично. Конкурсната комисија е должна да достави Извештај за извршениот упис на студенти на втор циклус студии – Специјалистички студии по безбедност и квалитет на храна на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје во учебната 2024/2025 година до Наставно-научниот совет на Факултетот.

Со жалење морам да констатирам дека на Конкурсот не се пријави ниту еден кандидат со што во учебната 2024/2025 година на Факултетот не се запишаа студенти на втор циклус специјалистички студии на студиската програма „Безбедност и квалитет на храна“.

Како Декан заедно со раководителот на студиската програма и со понатамошни промотивни активности ќе превземеме иницијативи за промоција на оваа студиска програма и зачувување на истата со цел остварување на целите едукација на кадар кој ќе биде ставен на располагање на стопанството и бизнис заедницата во државата.

### 3.5. Трет циклус докторски студии

На седница на Наставно-научниот совет одржана на 16.02.2024 година се донесени Одлуки со бр. 0202-163/7 и бр. 0202-163/8 со кои се одредуваат услови кои се потребни за распишување Конкурс за запишување на студенти на трет циклус студии – докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во академската 2024/2025 година за Студиска програма – Ветеринарна медицина, Студиска програма – Безбедност на храна. Со Одлуките беше утврден и износот на школарина и критериумите за упис кои се идентични на конкурсот од претходната година.

Согласно Статутот на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје а во врска со Одлуката за научно и стручно оспособување на вработените на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје (Универзитетски гласник бр. 416/2019 година), Наставно - научниот совет на Факултетот на седницата одржана на 16.02.2024 година донесе Одлука бр. 0202-163/10 со која м-р Томе Несторовски, вработен на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје се ослободува од плаќање трошоци за студирање на трет циклус докторски студии на студиската програма по Безбедност на храна. Со вработениот Факултетот склучи договор со кој се ослободува од плаќање трошоци за студирање на трет циклус докторски студии по Ветеринарна медицина. Со договорот уредени се заемните права и обврски со кој се обврзува да е во редовен работен однос од најмалку 10 (десет) години на Факултетот.

Согласно добиените решенија од Агенцијата за квалитет на високото образование Проф. д-р Радмила Чрчева Николовска и Проф. д-р Мирко Проданов се акредитирани ментори на трет циклус докторски студии на студиската програма по Безбедност на храна.

За жал на Конкурсот во учебната 2024/2025 година на Факултетот не се запишаа студенти на трет циклус студии на двете студиски програми „Безбедност на храна" и „Ветеринарна медицина" кои не се вработени на ФВМ-Скопје.

Како Декан заедно со деканатската управа и со советите на студиските програми ќе преземеме иницијативи и промотивни активности за промоција на студиските програми и зачувување континуитетот и квалитетот на студиите.

## 3.6. Постојани работни тела-Комисја за настава

На Седница одржана на 14.03.2024 година, наставно – научниот совет донесе Одлука бр. 0202-306/10 со која се усвојува Правилникот за формирање на постојани работни тела на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје (Универзитетски гласник бр. 680/2024), а со Одлуката на Наставно-научниот совет со број 0202-616/6 од 04.06.2024 година, се формираа постојаните работни тела, кои согласно Правилникот имаат свои предвидени надлежности, состав и начин на работа.

Во рамките на своите надлежности, посебно би ја истакнал работата на Комисијата за настава која преку досега одржаните состаноци и извештаи покажа активност во насока на подобрување на наставно-образовниот процес, со подготовка на: Студентскиот календар, Списокот на покриеност на настава на соработнички и наставен кадар на студиската програма на ветеринарна медицина на македонски и англиски јазик, Распоредот на континуирани проверки и завршни испити, Распоредот на предавања и вежби на студиската програма на ветеринарна медицина на македонски и англиски јазик, потоа Водичот на студии на македонски и англиски јазик, преглед и Еквиваленциите на студиската програма 2023 со студиските програми почнувајќи од 1991/1992 год, се до 2018/2019 год.

## 3.7. EAEVE

Континуираното следење на активностите во делот за меѓународна акредитација, Факултетот го изведува години наназад со учество на Генералните собранија на EAEVE. Оваа година во период од 30-31.05.2024 година беше одржано 37 Генерално собрание на Европската асоцијација на ветеринарни високообразовни установи (EAEVE), кое се одржа

на Националното ветеринарно училиште во Алфорт, Франција кое го отвори директорот на училиштето Проф. д-р Кристоф Дегуеурце.

Оваа година, поточно на 11 јануари и 8 април, 2024 год беа организирани состаноци од далечина на регион 8 со кој претседаваше Проф. д-р Мехмет Чалициоглу, на кои учествуваше продеканот за настава, Проф. д-р Ксенија Илиевска, и воедно беа презентирани досегашните активности на факултетите членки на оваа група, студиските програми, како и планираните визитации од страна ЕАЕVE. Сето ова накратко беше презентирано и на Генералното собрание од страна на Проф. д-р Гаетано Олива, кој го презентираше извештајот за работата на извршниот комитет на ЕАЕVE (ExCom).

Долгогодишната посветеност на ФВМ-С и стремежот кон меѓународната акредитација на наставниот процес започна уште во 2022 година, кога Наставно-научниот совет донесе едногласна одлука за започнување на процесот на прелиминарна визитација (Одлука бр. 0202-756/13 од 02.06.2022 година) во 2024 година, додека пак целосната визитација за акредитација на ФВМ-С ќе биде во 2027 година. Согласно оваа Одлука, на 31.03.2023 год., Наставно-научниот совет донесе Одлука бр. 0202-359/5 за формирање на работни групи по поглавја за изработка на самоевалуацискиот извештај (SER-self-evaluation report) за престојната прелиминарна визитација. Носителите на работните групи имаа задача да ги координираат членовите на работните групи и да поднесуваат извештаи за тековните активности во Наставно-научниот совет.

На 15 април 2024 год., преку официјален допис до Деканот и Координаторот на ЕАЕVE, Проф. д-р Игор Улчар беше споделена информација за точниот датум на прелиминарната визитација и тимот на визитатори, Проф. Лазло Фодор (Prof. László Fodor) (Будимпешта, Унгарија) и Проф. Пјер Леке (Prof. Pierre Lekeux) (Лиеж, Белгија), директор на ESEVT која беше предвидена за период од 05-08 ноември, 2024 год. Во самиот допис беа наведени насоки за подготовка и пишување на прелиминарниот самоевалуацискиот извештај (SOP 2023, Annex 6), со напомена на крајниот датум за негово доставување, 05.09.2024 година. Со добивање на насоките во однос на пишување на PSER (прелиминарен самоевалуациски извештај), беа одржани координативни состаноци со носителите на работните групи, на кои во месеците кои следеа беа презентирани сработените активности согласно доделените поглавја.

На седницата одржана на 05.09.2024 год., Наставно-научнот совет донесе Одлука број 0202-994/2 со која се усвои Прелиминарниот самоевалуациски извештај (PSER – Preliminary Self Evaaluation Report) за потребите на превизитација и меѓународна

акредитација од EAEVE (European Association of Establishments for Veterinary Education) на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје, и истиот беше испратен до евалуаторите.

Прелиминарната визитација беше одржана во период од 05-08 ноември 2024 год., согласно предвидениот план и програма, во координација со Проф. д-р Игор Улчар. Визитаторите имаа можност да се запознаат со просторните капацитети на ФВМ-С, лабораториите каде се изведува пракичната настава, Универзитетскта ветеринарна болница и сл., контактирајќи при тоа и со студентите и со вработените, како и со ненаставниот кадар. Во рамките на својата дводневна посета беа детално презентирани поглавјата на ПСЕИ од страна на носителите на групите, со одредени надополување и коментари од страна на визитаторите.

На завршниот состанок, од страна на визитаторите беше споделена информација за временскиот период на финализирање на самиот извештај и негово усвојување од страна на ECOVE. По усвојување на извештајот, истиот ќе биде презентиран до членовите, како и одлуки за преземање на понатамошни чекори за подготовка во процесот на целосна визитација.

4. Издавачка дејност на ФВМ-С

4.1. Комисијата за издавачка дејност

На Седницата одржана на 02.07.2024 година Наставно-научниот совет на Факултетот донесе Одлука бр. 0202-756/2 со која ја усвои Комисијата за издавачка дејност чии ингеренции се подетално опишани во Одлуката за постапката и начинот на организирање на издавачката дејност на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Факултет за ветеринарна медицина – Скопје. Составот на Комисијата се состои од членовите на Деканатската управа-деканот и продеканите, еден студент и два члена од редовите на редовните професори на Факултетот. Претседател на Комисијата по службена должност е продеканот за настава.

Од формирањето, Комисијата одржа два состанока, согласно поднесените барање за разгледување на потребата за издавање на учебни помагала. Во рамките на своите ингеренции, Комисијата за издавачка дејност на Наставно-научниот совет му предложи формирање на рецензентски комисии, чии извештаи беа прифатени со одлуки на наставно научниот совет, и тоа:

На Седницата одржана на 18.11.2024 година Наставно-научниот совет донесе Одлука бр. 0202-127/8 со која се усвоија рецензиите поднесени од рецензентите Проф. д-р Слободанка Вакањац од Ветеринарниот факултет во Белград, Република Србија и Проф. д-р Владимир Петков од Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, објавени во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр. 1315 од 1.10.2024 година, стр. 478-484, за издавање на учебно помагало под наслов „Синхронизациски протоколи во млечното говедарство" од авторите Проф. д-р Тони Довенски, Проф. д-р Бранко Атанасов, Проф. д-р Милан Малетиќ и д-р Љупчо Мицков.

На Седницата одржана на 18.11.2024 година Наставно-научниот совет донесе Одлука бр. 0202-127/9 со која се усвоија рецензиите поднесени од рецензентите Проф. д-р Кочо Порчу, од Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје и Проф. д-р Велимир Стојковски од Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, објавени во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр. 1316 од 15.10.2024 година, стр. 539-541, за издавање на учебно помагало под наслов „Лабораториска дијагностика на наследни болести (BLAD и CVM) и генотипизација на капа-казеинскиот локус холштајн – фризиската раса говеда " од авторот Проф. д-р Никола Адамов.

На Седницата одржана на 18.11.2024 година Наставно-научниот совет на Седницата одржана на 18.11.2024 година донесе Одлука бр. 0202-127/14 со која се усвоија рецензиите поднесени од рецензентите Проф. д-р Јоже Стариќ, редовен професор по Внатрешни болести кај преживни животни на Ветеринарниот факултет во Љубљана, Словенија и Проф. д-р Томаж Задник, редовен професор по Внатрешни болести кај преживни животни на Ветеринарниот факултет во Љубљана, Словенија, објавени во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр. 1318 од 15.11.2024 година, стр. 294-298, за издавање на учебник со наслов: „Болести на дигестивниот тракт кај преживни животни" од авторите Проф. д-р Дине Митров и Проф. д-р Игор Џаџовски.

На Седницата одржана на 18.11.2024 година Наставно-научниот совет донесе Одлука бр. 0202-127/15 со која се усвоија рецензиите поднесени од рецензентите Проф. д-р Тадеј Маловрх, од Катедрата за Микробиологија при Ветеринарниот факултет во Љубљана, Словенија и Проф. д-р Јаков Нишавиќ од Катедрата за Микробиологија при Факултетот за ветеринарна медицина од Белград, Србија, објавени во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр. 1318 од 15.11.2024 година, стр. 294-298, за издавање на учебно помагало со наслов „Практикум за вежби по ветеринарна имунологија" од авторите Проф. д-р Искра Цветковиќ, Проф. д-р Славчо Мреношки и ас. Ивана Шикоска.

На Седница одржана на 26.12.2024 година Наставно-научниот совет донесе Одлука 0202-1474/12 со која се усвојуваат рецензиите поднесени од рецензентите Проф. д-р Јасмин Омерагиќ, редовен професор по Паразитологија и паразитни заболувања на Ветеринарниот факултет во Сараево, Босна и Херцеговина и Проф. д-р Куртеш Шерифи, редовен професор по Паразитологија и паразитни заболувања на Факултетот за земјоделство и ветеринарство во Приштина, Косово, објавени во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр. 1320 од 15.12.2024 година, стр. 184-186, за издавање на учебно помагало со наслов: „Паразитологија и паразитни заболувања 1" од авторите Проф. д-р Александар Цветковиќ и Проф. д-р Јована Стафановска.

Комисијата за издавачка дејност даде и позитивно мислење за издавање на следнве учебни помагала со следниве рецензентски комисии:

Проф. д-р Јоже Стариќ, редовен професор на Ветеринарниот факултет во Љубљана, Словенија и Проф. д-р Томаж Задник, редовен професор по Внатрешни болести кај преживни животни на Ветеринарниот факултет во Љубљана, Словенија, за учебно помагало со наслов *Болести на дигестивниот тракт кај преживни животни* од авторите Проф. д-р Дине Митров и Проф. д-р Игор Цаџовски од Катедрата за Внатрешни болести на фармски животни за предметот Болести на кај преживни животни 1 и 2;

Проф. д-р Дине Митров и Проф. д-р Лејла Велиќ од Катедрата за Заразни болести при Универзитетот во Сараево, Ветеринарен факултет, за прирачник за стручна употреба во ветеринарната пракса со наслов Процедури за безбедно мострирање, пакување и транспорт на примероци за дијагностика на особено значајни болести кај животните, од авторите Проф. д-р Игор Цаџовски, Проф. д-р Кирил Крстевски, виш научен соработник Весна Милиќевиќ, науч.сор. Дејан Видановиќ и Тони Киранџиски, ДВМ.

### 4.2. Публикации

Издадени се следниве публикации

Учебно помагало под наслов „Лабораториска дијагностика на наследни болести (BLAD и CVM) и генотипизација на капа-казеинскиот локус холштајн – фризиската раса говеда" од авторот Проф. д-р Никола Адамов. Издавач: Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Факултет за ветеринарна медицина-Скопје, CIP - Каталогизација во публикација

Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје 636.234.09:[616-056.7:575.22(076), ISBN 978-9989-774-47-8, COBISS.MK-ID 64937733.

Практикум под наслов „Практикум за вежби по ветеринарна имунологија“ од авторите Проф. д-р Искра Цветковиќ, Проф. д-р Славчо Мреношки и ас. Ивана Шикоска. Издавач: Универзитет “Св. Кирил и Методиј” во Скопје, Издавач: Факултет за ветеринарна медицина-Скопје, CIP-категоризација во публикација, Национална и универзитетска библиотека “ Св. Климент Охридски”, Скопје 636,03-09:616(076), 636,03-09:017(076), ISBN 978-9989-774-45-4, COBISS.MK-ID 64866053.

Учебно помагало под наслов „ Синхронизациски протоколи во млечното говедарство“ од авторите Проф. д-р Тони Довенски, Проф. д-р Бранко Атанасов, Проф. д-р Милан Малетиќ и д-р Љупчо Мицков, виш научен соработник. Издавач: Универзитет “Св. Кирил и Методиј” во Скопје, Факултет за ветеринарна медицина-Скопје, CIP - Каталогизација во публикација, Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје 636.2.082.4(076), ISBN 978-9989-774-44-7.

Учебно помагало под наслов „Болести на дигестивниот тракт кај преживни животни“ од авторите Проф. д-р Дине Митров и Проф. д-р Игор Џаџовски. Издавач: Универзитет “Св. Кирил и Методиј” во Скопје, Факултет за ветеринарна медицина-Скопје, CIP - Каталогизација во публикација, Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје 636.2/.3.09:616.3 (075.8); ISBN 978- 9989-774-46-1.

5. Научно-истражувачки активности

5.1. 10-ти Денови на ветеринарна медицина и 2-ра Европска конференција за ветеринарна и медицинска едукација 2024

Со Одлука на Наставно-научниот совет (бр. 0202-163/9 од 14.02.2024 година) за успешна реализација на традиционалниот Меѓународнен научен собир научниот собир „10. Денови на ветеринарна медицина и 2. Европска конференција за ветеринарна и медицинска едукација 2024“, се формираат Меѓународен научен одбор, Локален организациски одбор со Претседател доц. д-р Мирослав Ќосевски, и секретаријат. Со Одлуките се одобрува организирање на Работилница за клиничка практика под водство на Проф. д-р Елена Атанаскова Петров во коорганизација на Ветеринарната комора на Република Северна Македонија.

Настанот беше одржан во периодот од 22 до 25 Септември 2024 година во комплексот на хотел Метропол во Охрид.

На свечената церемонија по повод отворањето на заедничкиот собир, на присутните им се обратија Деканот на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, Проф. д-р Деан Јанкулоски и Директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство, г-дин Оливер Миланов. На собирот, по покана исто така учествуваа и Декани, продекани или претставници од Ветеринарните факултети на Белград, Вроцлав, Загреб, Истанбул, Љубљана, Сараево и Софија како и директори и претставници на останати факултети и научни институти и организации од регионот.

Учесници на настанот беа еминентни професори, научници и доктори по ветеринарна медицина од голем број земји од странство како: Австрија, Белгија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Германија, Италија, Косово, Полска, Романија, Словенија, Србија, Турција, Унгарија, Финска, Хрватска и Чешка. Оттука собирот ја одржа својата меѓународна димензија и препознатливост од страна на релевантните институции во регионот и Европа.

На собирот беа поканети пленарни предавачи од престижни истражувачки центри во светот, експерти во своите области кои прифатија да го споделат нивното драгоцено искуство и знаење, и да ги презентираат најновите достигнувања и идеи. На собирот беа поканети 6 пленарни предавачи кои презентираа научни и стручни трудови на следните теми: менаџмент на здравје, фармска биосигурност, безбедност на храна, терапевтски третмани, вектор преносливи болести и постнатално здравје и менаџмент. Поточно, на собирот беа поканети и одржаа пленарни предавања следните предавачи: Prof. Dr. vet. med. Alexander Starke Dip., Faculty of Veterinary Medicine, University of Leipzig, Prof. dr. Nataša Tozon, Head of Small Animal Clinic, Veterinary Faculty, University of Ljubljana, Ass. Prof. Ilias Chantziaras, PhD, Faculty of Veterinary Medicine, Ghent University, Adj. Prof. Stefan Björkman, Ph.D, Faculty of Veterinary Medicine, University of Helsinki, Rosangela Tozzoli, Italian National Institute of Health European Union, Dr. Relja Beck, PhD, Scientific Advisor, Croatian Veterinary Institute, Zagreb.

На овој настан, Денови на ветеринарна медицина, како надополнување беше организацијата и на 2. Европската конференција за ветеринарна и медицинска едукација чија програма беше фокусирана на теми поврзани со едукацијата. Со свои пленарни предавања учествуваа уште три пленарни предавачи: Prof. Dr. Petra Winter, Rector of the University of Veterinary Medicine, Vienna; Prof. dr. Tibor Bartha, Vice Rector, University of

Veterinary Medicine, Budapest; и Ass. Prof. Dr. Annelies Decloedt, Skillslab, Faculty of Veterinary Medicine, Ghent University.

10тиот Научно-стручниот собир „Денови на Ветеринарна Медицина 2024“ во својата програма обработи научни области тесно поврзани со актуелните предизвици и проблеми од ветеринарната медицина значајни за земјата и Европа. Во рамките на собирот се организираа научни сесии на следните тематики: Вируси и Епидемиологија, Биосигурност и Менаџмент на Фарми; Антимикробна резистентност; Безбедност и квалитет на храна; Паразити и Бактерии; Менаџмент на репродукциски, генетски и метаболички заболувања; и Визуелна дијагностика и остеопатологија. Дополнително, оваа година Агенцијата за храна и ветеринарство дизајнираше сопствена сесија на која беа презентирани теми значајни за јавното здравје, здравствената заштита и благосостојбата на животните во државата.

Во рамките на собирот, и студентите на Факултетот имаа можност да ги презентираат своите истражувачки активности преку две сесии: Болести кај животните и дијагностика и Благосостојба и менаџмент на животни. Вкупниот број на доставени и презентирани апстракти на целиот собир изнесуваше 101 од кои 54 апстракти беа прифатени за орални презентации, а 47 постер презентации. Од нив, во рамките на Европска конференција за ветеринарна и медицинска едукација, покрај пленарните предавања беа презентирани 7 орални и 3 постер презентации, се организираше и тркалезна маса на тема: EAEVE, Акредитација искуства и предизвици на Балканот. Новина во овогодишното издание на собирот беше и воведување на кратки едно минутни орални презентации на постерите со што авторите можеа да го запознаат поширокиот аудиториум за своите истражувања. Сепак треба да се напомене дека бројот на орални презентации од страна на наставно научниот и научниот кадар на Факултетот беше низок, помалку од 20% од вработените на Факултетот избрани во наставно-научни и научни звања, на што треба да се посвети особено внимание во иднина со цел поголема презентираност на научно истражувачката работа на вработените.

Дополнително, во рамките на собирот и во соработка со Ветеринарна Комора на Република Северна Македонија се одржа и работилницата од клиничка пракса под наслов: „Abdominal ultrasound and basic echocardiography in small animal practice“ предводена од предавачот Mr.sc. Tomislav Brajko DVM од Загреб, Хрватска. На работилницата учесниците доктори од ветеринарната практика имаа можност теоретски и практично да се запознаат и самостојно да применат ултразвук на кучиња. На собирот беше организирана и

работилницата „The use of NGS in monitoring microbiological foodborne pathogens“ предводена од Rosangela Tozzoli со цел градење на лабораториските капацитети од обласга на безбедност на храната.

На годинешниот собир покрај научната фела, имаше учесници и од праксата, како и од органите на државната управа, производители на храна, претставници на дијагностички лаборатории, како и стручни лица кои се вклучени во истражувања во ветеринарната медицина, но и во областа на базичните науки. Сите материјали, абстракти, пленарни презентации и постер презентации се објавени во Книгата со абстракти (Book of abstracts), CIP - Каталогизација во публикација Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје 636.09(062)(048.3) INTERNATIONAL Scientific Meeting Days of Veterinary Medicine (10 ; 2024) Текст во PDF формат, 154 стр. - Регистар ISBN 978-9989-774-43-0 1. European Conference on Veterinary and Medical Education, COBISS.MK-ID 64439045.

По завршувањето претседателот на организациониот одбор доц. д-р Мирослав Ќосевски поднесе Извештај за одржаниот Научен собир „10. Денови на ветеринарна медицина и 2. Европска конференција за ветеринарна и медицинска едукација 2024“ со арх. број 03-1542 од 20.12.2024 година. Извештајот беше усвоен на седницата на Наставно-научниот совет одржана на 26.12.2024 година со Одлука бр. 0202-1474/20.

5.2. Македонски ветеринарен преглед (Macedonian Veterinary Review)

Научното списание Македонски ветеринарен преглед (The Official Journal of the Faculty of Veterinary Medicine - Skopje at Ss. Cyril and Methodius University in Skopje p-ISSN 1409-7621 e-ISSN 1857-7415), е едно од трите научни списанија кои ги уредуваат единиците при Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје кое што има фактор на влијание за 2022, 2023 и 2024 година (IF=0.4) од страна на Clarivite Analytics. Исто така, списанието е индексирано во три бази од Core Collection на Clarivite, и тоа WoS, ESCI и Zoological records. Целата заслуга припаѓа на тимот задолжен за реализација на активностите во врска со меѓународното научно списание “Macedonian Veterinary Review”, кое е официјална публикација на Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје. Проф. д-р Флорина Поповска Перчиниќ како главен и одговорен уредник на списанието, заедно со својот тим беа ангажирани за поголем број активности со цел промоција и зголемување на видливоста на списанието, а со тоа и на самиот Факултет и нашиот Универзитет.

Во извештајниот период од публикување на вториот број, волумен 46, од 2023 год., уредувачкиот тим на меѓународното научно списание Македонски Ветеринарен Преглед презема поголем број на активности. За таа цел беа реализирани две јавни набавки:

Одржување на веб страната на списанието и надградба на постоечки софтвер, и набавка во врска со двогодишно печатење на списанието.

На 25.4.2024 година, во просториите на Македонска академија на науките и уметностите (МАНУ) беше одржана презентација на списанието во рамките на научната конференција со меѓународно учество: "Научен и публицистички интегритет во биомедицината", организирана по повод 10 години од формирањето на македонското здружение на медицински уредници. Конференцијата беше под покровителство на Проф. д-р Биљана Ангелова, ректор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, а во организација на Македонското здружение на медицински уредници, Македонската академија на науките и уметностите, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и Медицинскиот факултет во Скопје. На оваа конференција, главниот уредник на списанието, Проф. д-р Поповска Перчиниќ, имаше усна презентација со наслов „Етички стандарди во научното публикување - искуство на меѓународното научно списание Македонски ветеринарен преглед". Воедно, Проф. д-р Поповска Перчиниќ, беше член и на организацискиот одбор на оваа меѓународна конференција, а Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, доби плакета како издавач на списанието кое членува во ова здружение од самите негови почетоци.

Од останатите активности кои беа преземени во извештајниот период ги издвојувам, надградба на софтвер, интеграција со Trend MD во делот на прикажување на related articles на секој труд и обнова на доменот на списанието за период од 2 години. Во 2024 година во првиот број од Вол. 47 публикувани се 9 труда, а 11 во вториот број. Реализација на издавачката дејност во однос на работи и задачи опфаќаат стручна но и административна и техничка активност во објавувањето на трудовите во електронска и во печатена верзија, менаџирање со manuscript manager, пресметка и ажурирање на метриката на списанието за потребите на веб страната. За потребите на новата платформа на Sciendo изготвени се изјави за уредувачката политика на списанието и етичките изјави на авторите согласно новите барања и поставки, а кои се наоѓаат на профилот на списанието на оваа издавачка куќа. Со добивање на фактор на влијание (IF=0. 4 за 2023) година од страна на Clarivite Analytics, го одржавме минатогодишниот квалитет на списанието, кое за прв пат доби фактор на влијание во 2022 година (IF=0.4 за 2022). Сега, списанието е индексирано во три бази од Core Collection на Clarivite, и тоа WoS, ESCI и Zoological records. Обновено е годишното членство во Македонското здружение на медицински уредници, направен е договор со лектор, извршено е ажурирање на листата на рецензенти со нови рецензенти во

рамките на Manuscript manager софтверот, како и ажурирање на веб страната. Направена е подготовка и праќање метаподатоци на објавени трудови за AGRIS и DOAJ.

Главниот и одговорен уредник заедно со уредничкиот тим на списанието доц д-р Мартин Николовски - заменик главен и одговорен уредник, Моника Довенска - технички уредник, Димитар Божиновски - асистент на главниот и одговорен уредник и проф д-р Лазо Пендовски - почесен уредник, учествуваа во реализација на издавачката дејност во однос на работи и задачи кои опфаќаа стручно, но и административно и техничко учество во објавувањето на трудовите во електронска и во печатена верзија.

На 19.12.2024 беше одржан состанок на Локалниот уредувачкиот одбор на Македонски Ветеринарен Преглед. На состанокот се дискутираше и беше дадена поддршка за продолжување на досегашните активности на уредничкиот тим на списанието.

На барање на Уредувачкиот одбор на списанието „Македонски ветеринарен преглед", Деканатската управа на седницата одржана на 26.12.2024 година донесе Одлука со бр. 0201-1552/4-5 со која се одобрува потпишување на нов договор со Sciendo за период од 1.05.2025 – 31.12.2026 година. Цената на стандардниот пакет услуги е без промени и изнесува 70 евра по труд.

## 5.3. Научно-истражувачка работа

Активностите поврзани со научно-истражувачката работа на Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје главно се реализираа преку научно-истражувачки проекти, истражувачки активности, дипломски и докторски трудови, учество на стручни и научни собири во земјата и странство, објавување на научни трудови во научни списанија и слично. Дополнително во изминатиов период се спроведуваа политики со кои ќе се обезбедат подобри услови за научно-истражувачка работа на наставно-научниот и научниот кадар на факултетот.

Во изминатата година продолжија со реализација четирите проекти поддржани со Интерниот повик за доделување на средства за реализација на научно-истражувачки проекти од 2022 година:

1. Евалуација на безбедноста на храната за животни во Република Северна Македонија во однос на потенцијалот за придонес кон антимикробната резистентност во синџирот на исхрана – поднесен од главниот истражувач науч. сов. Елизабета Димитриеска Стојковиќ;

2. Генетски диверзитет на свинските инфлуенца А вируси и нивна импликација врз примарното свињарско производство и јавното здравје – поднесен од главниот истражувач Проф. д-р Бранко Анѓеловски;
3. Антимикробна резистенција кај бактерии изолирани од миленици во Република Северна Македонија - поднесен од главниот истражувач Проф. д-р Искра Цветковиќ;
4. Одредување преваленца и инциденца на абортуси предизвикани од Neospora caninum во млечни фарми во РСМ - поднесен од главниот истражувач Проф. д-р Бранко Атанасов.

За реализацијата на проектите беа поднесени тековни извештаи, а нивната финализација се очекува во 2025 година. Дополнително, во изминатиот период се реализираше и проектот „Регенеративна медицина – примена на плазма збогатена со тромбоцити за иновативни терапии кај домашните миленици“ со главен истражувач Проф. д-р Ксенија Илиевска, поддржан од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје како дел од финансирани научно-истражувачки проекти на единиците на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје од сопствениот Фонд за наука и истражување за 2023/2024 година. Во рамките на овој повик за 2024/2025 година се аплицираше и беше одобрен од Ректорската управа на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје за реализација проектот „Идентификација и проценка на бројната застапеност и густина на одделни видови популации на диви животни во Македонија со примена на молекуларни методи“, со главен истражувач: н. сор. д-р Игор Есмеров.

Благодарејќи на ангажманот на Проф. д-р Тони Довенски и Проф. д-р Бранко Атанасов од Катедрата за репродукција во 2023 донесена е Уредбата на Владата на Република Северна Македонија со која доделена е Финансиската подршка на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Целта на предложениот проект е подобрување на генетскиот потенцијал во краварски фарми за производство на млеко во Република Северна Македонија, преку имплементација на ембриотрансферот, со употреба на замрзнати ембриони добиени во ин-виво и ин-витро услови од генетски високовредни женски животни и Формирање на центар за производство, складирање и дистрибуција на ембриони добиени во ин-виво и ин-витро услови од генетски високовредни женски животни, на ФВМ-Скопје со можност да прерасне во Регионален центар за ембриотрансферот.

Согласно Уредбата започна реализација на проектот по известување добиено од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство со бр. 14-9425/2 од 15.11.2023 год, во кое Факултетот за ветеринарна медицина - Скопје е директен корисник согласно дел II став (2) на мерката „Техничка поддршка во земјоделството и руралниот развој" точка 1.8 „Други трошоци и инвестициони вложувања за воспоставување и спроведување на мерките за финансиска поддршка и руралниот развој" подточка 1.8.8„ Инвестиции за подобрување на генетскиот потенцијал на млечни крави во Република Северна Македонија преку употребата на сексирано семе и ембриотрансферот" од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2023 год („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 43/2023, 73/23, 120/23, 149/23, 164/23 и 223/23). Проектот за инвестиции за подобрување на генетскиот потенцијал на млечни крави во Република Северна Македонија преку употреба на сексирано семе и ембрио-трансферот е предвидено да трае пет години, со прецизна распределба на средствата по години во износ од 13.500.000 денари и тоа со почеток од 2023 година и понатаму во наредните 2024, 2025, 2026 и 2027 година. Владата на Република Северна Македонија донесе Уредба за изменување и дополнување на Уредбата за видот на активностите, максималниот износ на активности, корисниците, субјектите кои учествуваат во постапката, поблиските критериуми и начинот на доделување на техничката поддршка во земјоделството и руралниот развој Службен весник на Република Северна Македонија бр. 188/2024 каде во членот 2 од измените и дополнувањата на Уредбата е утврдено дека „Во член 11 во ставот (10) по зборовите „потпишување на договорот" се додаваат зборовите „за користење на финансиска поддршка помеѓу Министерството и корисниците на финансиска поддршка".

Поради тоа беше потпишан договор со МЗШВ со број 14-1860/16 од 20.12.2024 година, со што продолжуваат активностите околу реализација напроектот.

Од меѓународните проекти, во тек е реализацијата на проектот „Depletion of veterinary pharmaceuticals and radiometric analysis of their residues in animal matrices" Главен истражувач: Проф. д-р Зехра Хајрулаи-Муслиу, поддржан од IAEA.

Дополнително, во Септември 2024 година беше одобрен проектот „Reaching Beyond Borders: Enhancing Communication and English Proficiency in Veterinary Medicine Education (VETCOM)", координатор доц. д-р Мирослав Ќосевски во рамките на KA220 HED, ERASMUS + програмата со што се ќе се придонесе кон подобрување на наставната програма на Англиски јазик на Факултетот.

Меѓународна поддршка доби и научно-истражувачкиот проект на Јана Ќортошева, студент на додипломските студии, од страна на UFAW (Universities Federation of Animal Welfare)- Animal Welfare Student Scholarship 2024 за проектот „Welfare assessment of slaughter livestock (cattle and pigs) during transport in Macedonia, with an emphasis on thermal stress“ под менторство на доц. д-р Мирослав Ќосевски.

Во изминатиот период, од страна на Факултетот беа поддржани и околу десетина апликации за нови научно-истражувачки и апликативни проекти на меѓународно ниво.

Деканатската управа како и досега така и во иднина ги охрабрува вработените да поднесуваат апликации за научно истражувачки проекти. Со тоа факултетот ја развива научно истражувачката работа и придонесува кон зголемување на угледнот на нашата институција и Универзитетот како и преставува можност преку добиените проекти да се обезбеди дополнителна обука на вработените, вмрежување со други научни институции домашни и меѓународни како и набавка на опрема и реагенси наменети за истражувачката работа.

Поради тоа на предлог на Деканатската управа усвоени се следниве одлуки на седниците на Наставно-научниот совет, и тоа:

- На Седницата одржана на 29.07.2024 година Наставно-научниот совет донесе Одлука бр. 0202-893/4 со која се одобрува аплицирање на проект под наслов: „Едукација за претприемништво за студентите по ветеринарна медицина: иновации, трансфер на знаење и придонеси за одржлив развој на регионот“. Главен истражувач од Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје е Проф. д-р Тони Довенски;
- На Седницата одржана на 29.07.2024 година Наставно-научниот совет донесе Одлука бр. 0202-893/5 со која се одобрува аплицирање на проект под наслов: „Upgrading National Capacity for monitoring of antimicrobial resistance in animals“ во рамки на новиот циклус од програмата за техничка подршка на IAEA за 2026-2027 година. Главен истражувач од Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје е Проф. д-р Искра Цветковиќ;
- На Седницата одржана на 29.07.2024 година Наставно-научниот совет донесе Одлука бр. 0202-893/6 со која се одобрува аплицирање на проект под наслов: „Tailored Biosecurity Framework for Low-Input, Low-Output Animal Production Systems (BIOFRAME) . Проектот се аплицира во рамките на финансираниот проект на HORIZON - CL6 -2023-FARM2FORK-01: European Partenrship on Animal Health and

Welfare. Главен апликант е Универзитетот во Гент, а главен истражувач од Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје е доц. д-р Мирослав Ќосевски;

- На Седницата одржана на 18.11.2024 година Наставно-научниот совет донесе Одлука бр. 0202-1275/10 со која се прифаќа апликацијата за проект под наслов: „Training for the future in Agriculture with Green, Diverse agricultural food systems (AGREED) поднесен од доц. д-р Мирослав Ќосевски;
- На Седницата одржана на 18.11.2024 година Наставно-научниот совет донесе Одлука бр. 0202-1275/16 со која се прифаќа апликација за проект со наслов: „Идентификација и проценка на бројната застапеност и густина на поедини видови популации на диви животни во Македонија со примена на молекуларни методи“, поднесен од д-р Игор Есмеров по објавениот Конкурс за доделување средства за финансирање на научно-истражувачки проекти за 2024/2025 година објавен од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје;
- На Седницата одржана на 27.08.2024 година Наставно-научниот совет донесе Одлука бр. 0202 – 994/8 од 27.08.2024 година со која се одобрува реализација на проектот „Reaching Beyond Borders. Enchancing Communication and English Proficiency in Veterinary Medicine Education“ - главен истражувач доц. д-р Мирослав Ќосевски;
- На Седницата одржана на 27.08.2024 година Наставно-научниот совет донесе Одлука бр. 0202-994/9 со која се одобрува барањето за партнерство при апликација на проектот "Целосно закрепнување на популацијата на белоглавиот мршојадец на Балканскиот Полуостров и создавање одржливи капацитети за зачувување на мршојадците низ регионот"– поднесено од доц. д-р Мирослав Ќосевски;
- На Седницата одржана на 27.08.2024 година Наставно-научниот совет донесе Одлука бр. 0202-756/3 од 2.07.2024 година со која се усвојува годишниот извештај за реализација на проектот „Антимикробна резистенција кај бактерии изолирани од миленици во Република Северна Македонија“ акроним ФВМ-С-ИПР-4 поднесен од главниот истражувач Проф. д-р Искра Цветковиќ.
- На Седницата одржана на 26.12.2024 година Наставно-научниот совет донесе Одлука бр. 0202-1474/22 со која се усвојува Годишниот извештај за проектот ФВМ-С-ИПР – 7: „Евалуација на безбедноста на храната за животни во Република Северна Македонија во однос на потенцијалот за придонес кон антимикробната резистентност во синџирот на исхрана (за период 1.04.2023 – 31.10.2024 година)“ поднесен од д-р Елизабета Димитриеска Стојковиќ, научен советник.

- На Седницата одржана на 26.12.2024 година Наставно-научниот совет донесе Одлука бр. 0202-1474/21 со која се усвојува завршниот извештај за реализираниот научно-истражувачки проект: „Welfare assessment of laughter livestock (Catle and pigs) during transport in Macedonia, with an emphasis on thermal stres" поднесен од главниот истражувач доц. д-р Мирослав Ќосевски .

Академскиот кадар на ФВМ-С учествуваше и во активностите на разни европски работни мрежи-европска соработка во науката и технологијата (European Coopeartion in Science and Technology-COST), годишни конференции организирани од европските референтни лаборатории, обуки во организација на меѓународната агенција за атомска енергија (IAEA), годишни научни конференции, учество во работа во проекти како и обуки во земјата и странство. Во прилог доставувам дел од одлуките кои се поврзани со научно-истражувачката активност на вработените на факултетот.

- CA 20103 - Biosecurity Enhanced Trough Training Evaluation and Raising Awarenss (BETTER), учесник од ФВМ-С- доц. д-р Мирослав Ќосевски;
- COST Action CA18217 European network for optimization of veterinary antimicrobial treatment, учесник од ФВМ-С- Проф. д-р Ромел Велев.
- COST-акцијата CA 21170- Prevention, anticipation and mitigation of tick-borne disease risk applying the DAMA protocol (PRAGMATIC), Проф. д-р Александар Цветковиќ и Проф. д-р Елена Атанаскова Петров;
- COST акцијата ENOVAT, учесник од ФВМ-С- Проф. д-р Искра Цветковиќ
- COST Action 20128 PIMENTO Antalya workshop 2024, учесник од ФВМ-С- Проф. д-р Сандра Мојсова;
- Cost Action: CA 20103- Biosecurity Enhanced Trough Training Evaluation and Raising Awareness", учесник од ФВМ-С - Проф. д-р Бранко Анѓеловски, Проф. д-р Александар Додовски и доц. д-р Мирослав Ќосевски;
- „Cost Action: CA 22163 – Sovling bottlenechs in eel reproduction to support sustainable aquaculture, учесник од ФВМ-С- Проф. д-р Александар Цветковиќ и Александар Трајчовски;
- COST Action 21149 - Reducing acrylamide expositure of consumers by a cereals supply-chain approach targeting aspragine, учесник од ФВМ-С- д-р Елизабета Димитриеска Стојковиќ, научен советник кој се одржа во Загреб, Хрватска;
- Cost Action: CA 21132- European Swine Influenza Network, учесник од ФВМ-С- Проф. д-р Александар Додовски и доц. д-р Мирослав Ќосевски;

- COST Action:CA 22112 – European Network on Livestock Phenomics, учесник од ФВМ-С- доц. д-р Мирослав Ќосевски;
- COST Action:CA 22112 – European Network on Livestock Phenomics (EU-LI-PHE), учесник од ФВМ-С- доц. д-р Мирослав Ќосевски;
- EU-COST IMPROVE meeting, учесник од ФВМ-С- Проф. д-р Сандра Мојсова;
- EU-COST IMPROVE meeting, учесник од ФВМ-С- д-р Љупчо Ангеловски;
- BETTER COST Action „Workshop biosecuriry in small farms", учесник од ФВМ-С- Проф. д-р Кирил Крстевски;
- BETTER COST Action - CA 20103, учесник од ФВМ-С- доц. д-р Мирослав Ќосевски;
- COST – акцијата CA21170 – CA21105 – Blastocystitis under One Health, учесник од ФВМ-С- Проф. д-р Александар Цветковиќ;
- COST Action CA23106 – An Evulationary View to Understanding Affective States across Species (AFECT-EVO), учесник од ФВМ-С- доц. д-р Мирослав Ќосевски;
- Годишна работилница – EURL-NRL mycotoxins & plant toxins in food, feed and food of animal origin, Wageningen Food Safetty Research, Wageningen University and research, Холандија, учесник од ФВМ-С- доц. д-р Ристо Узунов;
- 29.EURL-Salmonella workshop, која се одржа во Leiden, Холандија, учесник од ФВМ-С- Проф. д-р Мирко Проданов;
- EURL за Capripox, Sciensano, IPMA и VNT , Брисел, Белгија, учесници од ФВМ-С- асс. Ивана Шикоска и асс. Иван Матевски;
- „FS-MAK 5011- EVT 2400665: TC Fellowship on Sample preparation, operattion with selected WGS platforms, bioinformatics"Терамо, Италија, проект на IAEA, учесници од ФВМ-С-м-р Загорка Попова Христовска и Стефанија Маркозанова;
- Конференцијата „Antibacterial resistance – current state and perspetives" Нови Сад, Р.Србија, учесници од ФВМ-С- д-р Марија Раткова Мановска и д-р Катерина Благоевска;
- „Workshop on Laboratory Diagnosis of Classical Swine Fever and African Swine Fever", Хановер, Германија, учесник од ФВМ-С- асс. Иван Матевски;
- Генерален состанок „MediLabSecure Global Meeting" во рамки на проектот „MediLabSecure",Париз, Франција, учесник од ФВМ-С- Проф. д-р Игор Џаџовски;
- Третата Меѓународна конференција „Антимикробна резистенција- моментална состојба и перспективи" Нови Сад, Р.Србија, учесник од ФВМ-С- Проф. д-р Славчо Мреношки;

- Источно Европската конференција за дерматологија, Скопје во организација на Европска асоцијација на Ветеринарни дерматолози, ФВМ-С учествува во локален организационен одбор, учесници од ФВМ-С- Проф. д-р Ксенија Илиевска и доц. д-р Ивица Ѓуровски, Проф. д-р Ирена Целеска, Проф. д-р Елена Атанаскова Петров, Лариса Шаќири;
- Семинар FOSS Milk Testing Symposuiu, Хилерод, Данска, учесник од ФВМ-С- д-р Љупчо Ангеловски;
- Координативен состанок за Југоисточна Европа за контрола на лигавка и шап и слични егзотични и прекугранични болести,Сараево , Босна и Херцеговина, учесник од ФВМ-С- Проф. д-р Кирил Крстевски;
- Научна посета на Instituto Zooprofilattico Sperimentale dell`Abruzzo e del Molise „G.Caporale“ во Терамо, Италија, според план на активности на проектот МАК 5011, учесници од ФВМ-С- Проф. д-р Кирил Крстевски и Проф. д-р Игор Џаџовски;
- 19.Workshop of the National Reference Laboratories for Parasites, учесник од ФВМ-С- Проф. д-р Јована Стефановска;
- The first Annual One – Health VectorNet Entomological Network Meeting (AOHVENM), учесник од ФВМ-С- Проф. д-р Јована Стефановска;
- Состанок на Работна група 2 и 3 CA20103 – Biosecurity Enhanced Trough Training Evaluation and Raising Awareness (BETER), доц. д-р Мирослав Ќосевски;
- учество на 1.st Management Commitee Meeting, Action CA 23154- Environmental impact of anthelmintics in livestoc and alternatives to minimize their use (ENVIRANT), Проф. д-р Јована Стефановска и Проф. д-р Благица Сековска;
- Годишна работилница на Националните референтни лаборатории за болестите Capripox virus, peste des petits ruminants и Rift Valleu Fever, учесници од ФВМ-С- Проф. д-р Кирил Крстевски и Проф. д-р Игор Џаџовски;
- Обука на двајца техничари/лаборанти за молекуларна дијагностика на приоритетни зararазни болести (Сузана Ѓоревска и Славче Стевановски);
- Обука за имплементирање потврдни вирусолошки и серолошки методи за болестите: сипаници кај овци, сипаници кај кози и нодуларен дерматитис кај говедата, реализирана и финансиски покриена од референтната лабораторија на ЕУ за Capripox вируси (асс. Иван Матевски и Ас. Ивана Шикоска);
- Семинар ISAE East-West Central joint Regional meeting 2024, Будва, Црна Гора. „Welfare Matters“ учесник од ФВМ-С доц. д-р Мирослав Ќосевски;

- Summer School Animal Welfare, Veterinary Ethics and Law and Communication Skills , која ќе се одржи во Виена, Австрија, 7-12 јули 2024 предавач, доц. д-р Мирослав Ќосевски;
- обука Crisis -Prepararedness Workshop on Food and Feed Safety, организаторот EFSA, која се одржа во Сараево, Босна и Херцеговина учесник од ФВМ-С, Проф. д-р Сандра Мојсова;
- YGVA конгрес, Загреб, Р. Хрватска, учесник од ФВМ-С Моника Довенска.

Факултетот и во оваа година обезбеди финансиска поддршка за учество на вработените со научни и стручни трудови на симпозиуми, конференции и конгреси во земјата и во странство, стручни обуки, работилници, курсеви како и со објавување на научни трудови во различни меѓународни списанија со фактор на влијание, набавка на стручна литература врз основа на Одлука за научно и стручно оспособување на вработените на Факултетот за ветеринарна медицина во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје со што се овозможи непречено научно усовршување на кадарот на Факултетот и воспоставување контакти и соработка со колеги и институции од земјата и од странство како и промоција на Факултетот и на Универзитетот.

- Учество на работилницата „Ехокардиографија кај кучиња",Панчево, Србија во организација на OKEAN, Veterinary Training System. Проф. д-р Елена Атанаскова;
- Учество на работилница „Клиничка патологија" Панчево, Србија во организација на OKEAN, Veterinary Training System Проф. д-р Ирена Целеска;
- Учество на „7.Хрватски ветеринарски конгрес" Дубровник, Р. Хрватска во организација на Хрватската ветеринарна комора, Ветеринарниот факултетот во Загреб и Хрватскиот Ветеринарен институт, поканет предавач во секцијата 3- „Антимикробна резистенција" наслов на презентација „Značaj vakcina u prevenciji zaraznih bolesti, smanjena upotreba antibiotika i pojava antimikrobne rezistecije u Republici Sjevernoj Makedoniji", Проф. д-р Ромел Велев;
- Учество во активности на Global changes Center кој работи во рамките на Филозофски факултет - Скопје учествува со труд со наслов: Food security - important factor in time of global changes, на конференцијата Cooperative Multipolar System: In uest fop a New World Order, Проф. д-р Благица Сековска;
- Учество на меѓународната конференција за „Квалитет и компетентност 2024"-, Скопје, на Сесија: Лабораториите за тестирање и калибрација, презентира труд со наслов „Предизвици и решенија, презентација со наслов „Користење на MALDI-TOF

MS за потврда на бактериски изолати при рутинска микробиолошка анализа, Проф. д-р Мирко Проданов;

- Учество на Третата конференција за One Health, организирана од Балканската мрежа за One Health (BOHN), на Проф. д-р Игор Џаџовски и асс. Иван Матевски;
- XVI European Poultry Conference во Валенсија, Шпанија, презентација на научен труд со наслов "A comparative study of epigenetic and pathogenesis mechanisms between the virulent and avirulent strains of Newcastle disease viruses using bioinformatics analysis", Проф. д-р Александар Додовски;
- Обука за заштита од јонизирачко зрачење на професионално изожени лица 2024 година, Скопје, во организација на ЕКОТЕХ ЛАБ С ДОО – Скопје, учесник од ФВМ-С- Димитар Божиновски;
- Источно Европската конференција за дерматологија, Скопје во организација на Европска асоцијација на Ветеринарни дерматолози и ФВМ-С учествува во локален организационен одбор, учесници од ФВМ-С, доц. д-р Ивица Ѓуровски, Проф. д-р Ирена Целеска, Проф. д-р Елена Атанаскова Петров, Лариса Шаќири ДВМ;
- Стручна посета на заводот за паразитологија и инвазивни болести при Факултетот за ветеринарна медицина во Загреб, Хрватска Проф. д-р Јована Стефановска и Проф. д-р Александар Цветковиќ;

Во рамките на развојните политики за подобрување на научно-истражувачката работа на факултетот во изминатиот период се презедоа следните активности:

- На седница одржана 4.06.2024 година, Наставно-научниот совет на Факултетот донесе Одлука со која се формира Телото за контрола за квалитетот на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје во состав:
    - Координатор за ISO 17025, одговорен за применувачката дејност на Факултетот Проф. д-р Мирко Проданов ;
    - Координатор за EAEVE, Проф. д-р Игор Улчар, одговорен за унапредување на високообразовната и научно-истражувачката дејност на Факултетот;
    - Координатор за ЕКТС - Доц. д-р Мартин Николовски, одговорен за организација на наставата на Факултетот.
- На Седница одржана на 4.06.2024 година Наставно-научниот совет донесе Одлука бр. 0202-616/6 со која се формираа постојаните работни тела на Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје, со следниве претседатели на комисиите и тоа:

- Комисија за наука - Доц. д-р Мирослав Ќосевски;
- Комисија за настава - Проф. д-р Ксенија Илиевска;
- Етичката комисија за научни истражувања и експериментални животни -Проф. д-р Влатко Илиески;
- Комисија за библиотечно работење -Проф. д-р Ирена Целеска.

- Со цел за реализација на проекти во кои се вклучени експериментални животни, во периодот за кој се известува, Факултетот поднесе Барање со Елаборат и по отстранетите забелешки и извршениот надзор од страна на овластени лица доби одобрение од страна на Агенцијата за храна и ветеринарство да биде институција за одгледување или снабдување со експериментални животни и институција корисник кои врши експерименти со животни.

6. Континуирана едукација,

6.1. Одржани обуки/работилници

На 3 јуни 2024 се одржа обука за случаи со незаконското труење диви животни во Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје. Целта на обуката беше да ги информира официјалните ветеринари при Агенцијата за храна и ветеринарство со суштинско знаење во однос на оваа проблематика, за начините на идентификување отруени диви животни, и потребното постапување од страна на официјалните ветеринари, како и потребната меѓу-институционална соработка. Обуките се во склоп на проектот БалканДетокс LIFE (LIFE19 GIE/NL/001016) кој што е финансиран од ЕУ LIFE програмата и има цел да ги зајакне националните капацитети за борбата против труење на диви животни во регионот. На работилницата со свои презентации учествуваа и Проф. д-р Трпе Ристоски со тема Идентификување на отруени диви животни и правилно постапување со жртвата, Проф. д-р Зехра Хајрулаи-Муслиу со тема Подготовка на мостри и спроведени токсиколошки анализи, Александар Трајчовски ДВМ со тема Инволвираноста на докторот по ветеринарна медицина во ловството.

На 15-17 мај 2024 година, се одржа 4. Конференција на Македонскиот огранок на Светското здружение за наука во живинарството. Согласно член 2 од Договорот за билатерална соработка во областа на ветеринарната медицина склучен помеѓу ФВМ при Универзитетот во Белград и Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје на работилницата свое излагагање имаше Проф. д-р Радмила Ресановиќ од Катедрата за

болести на копитарите, месојадите, живината и дивечот. Конференцијата беше одржана на барање на Проф. д-р Александар Додовски.

На 18 декември 2024 година се одржа еднодневен Тренинг на интервентен тим (ИТ) за крупни зверови како дел од „Модул за криминалистичка едукација“ во организација на Министерството за животна средина и просторно планирање во соработка со WWF Adria, Во рамките на проектот “Големи месојади во Централна и Југоисточна Европа - поврзаност и кохезија со луѓето” реализиран од страна на организацијата WWF Adria, а во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање. Целта на работилницата беше едукација и зајакнување на капацитетите на членовите на Националниот интервентен тим. Тренинг работилницата ја водеше д-р спец. Јосип Павличек, професор по криминологија на Високата полициска школа во Загреб, а главниот фокус беше посветен на кривични дела за сторени прекршоци врз дивиот свет. На работилницата освен вработени на факултетот, присуствуваа потенцијалните членови на интервентниот тим, г-дин Игор Никоски, Директор на Управата за животна средина, како и претставници од Министерството за животна средина и просторно планирање.

Како резултат на појавата на болеста чума кај малите преживари во Грција (јули 2024 година) и зголемениот ризик од внес на оваа болест кај нас, обезбедена беше поддршка на националните активности со цел подигање на степенот свесност и подготвеност за рано откривање и искоренување на болеста чума кај мали преживари. За таа цел беше одржан Стручен состанок одржан на ФВМ-С на 21.08.2024 година, во коорганизација со АХВ и Ветеринарната комора РС Македонија. На комората свое обраќање имаа директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство др. Др. Оливер Миланов и извршниот директор на комората Томислав Николовски ДВМ.

Одржани беа предавања на повеќе локални средби со официјални ветеринари, ветеринарни друштва и фармери, во соработка со АХВ (Скопје, Битола, Гевгелија, Тетово, Штип, Кавадарци) на кои стручните лица од факултетот со својата експертиза искуство и знаења беа пресесени на одгледувачите на животни со цел превенција на ширење на ова заразно заболување кај малите преживари кое може сериозно да го загрози овчарството во Македонија.

### 6.2. Меѓународни обуки реализирани на ФВМ-С

Во претходниот период, на факултетот за ветеринарна медицина-Скопје, се одржаа повеќе обуки на лица кои престојуваа во лабораториите на факултетот по основ на

различни меѓународни проекти, во кои наши стручнаци од соодветните области беа вклучени во обуките. Во прилог е список од обуките:

- Научна посета/обука на две лица од Научно-истражувачкиот институт за земјоделство на Непал (Doj Raj Khanal и Nabin Prakash Paudel). Цел на обуката беше подобрување на знаењето на учесниците за превентива, дијагностика и контрола на заразните болести од економско и зоонотско значење (IAEA проект NEP5010).
- Обука на две лица од Институтот за безбедност на храна и ветерина (Food Safety and Veterinary Institute) во Тирана, Албанија (Мариглен Шенај и Ардит Качи) за дијагостика на беснило со примена на серолошки методи, хистопатологија, обдукција и евалуација на успешноста на вакцинацијата (ЕС проект NEAR/TIA/2021-EA-RP/0146).
- Обука на едно лице од Националниот институт при Министерството за околина на Катар (Saad Khalid MM) за проверка, калибрација и одржување на лабораториска опрема во склад со барањата на стандардот ISO 17025 (IAEA проект QAT5010).
- Научна посета/обука на едно лице од Ветеринарниот специјалистички институт од Краљево, Србија (Казимир Матовиќ) за превентива, контрола и современи методи за дијагностика на бруцелоза (IAEA проект SRB5005).

7. Центар за едукација, примена, развој и унапредување на ветеринарната медицина ЕДУВЕТ ДООЕЛ

Наставно научниот совет на факултетот на седницата одржана на 14.03.2024 година 0202-306/3 го разгледа извештајот и ја усвои завршната сметка за 2023 година на Друштвото –Центар за едукација, истражување, примена, развој и унапредување на ветеринарната медицина- ЕДУВЕТ- ДООЕЛ Скопје. Согласно извештајот дадени се предлози од Управителот на друштвото Проф. д-р Владимир Петков за активности во наредниот период кој опфаќаат организирање на обуки, акредитација на методи, и ставање на дел од средствата на располагање на факултетот, како и уплата на задолжителниот прцент од добивката на сметката на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Согласно билансот на состојба на друштвото од завршната сметка нето за тековната година (2023) прикажува салдо од 2655689 денари.

Деканот на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје објави Интерен оглас бр. 03-1050 од 12.09.2024 година за избор на Управител на Друштвото – Центар за едукација, истражување, примена, развој и унапредување на ветеринарната медицина ЕДУВЕТ

ДООЕЛ – Скопје. До крајниот рок за пријавување на кандидатите, пријава поднесе само кандидатот Проф. д-р Владимир Петков, заведена со арх. бр. 03-1073 од 16.09.2024 година. Деканатската управа ја разгледа пријавата и поднесената документација и врз основа на член 16 став 7 од Изјавата за основање на Друштвото - Центар за едукација, примена, развој и унапредување на ветеринарната медицина ЕДУВЕТ ДООЕЛ – Скопје го предлага Проф. д-р Владимир Петков за управител на Друштвото.

Со Одлука на Наставно-научниот совет бр. 0201 - 1052/3 од 30.09.2024 година за управител на Друштвото - Центар за едукација, примена, развој и унапредување на ветеринарната медицина ЕДУВЕТ ДООЕЛ - Скопје се избра Проф. д-р Владимир Петков, редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје. Управителот на Друштвото - Центар за едукација, примена, развој и унапредување на ветеринарната медицина ЕДУВЕТ ДООЕЛ - Скопје се избира за мандат од 3 (три) години, со право на повторен избор. Управителот на друштвото има права, должности и одговорности согласно со закон, актите на Факултетот и Изјавата за основање на Друштвото - Центар за едукација, примена, развој и унапредување на ветеринарната медицина ЕДУВЕТ ДООЕЛ – Скопје.

8. Промотивни активности на ФВМ-С

Како и изминатите години, и оваа година Факултетот зема учество во бројни промотивни активности организирани од страна на Универзитетот, но и на самиот Факултет.

На почетокот на календарската 2024 година, во координација со продеканот за настава беа одржани неколку состаноци поврзани со промотивните активности на ФВМ-С, каде земаа учество докторандите, асистентите и доцентите на ФВМ-С. За потребите на промотивните активности во кординација со PR агенцијата, беа изработени бројни промотивни материјали/флаери/летоци/банери во хартиена и електронска форма, и истите беа споделени со матурантите, како и на социјалните мрежи Facebook и Instagram.

Во организација на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и Центарот за кариера на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на 12 април 2024 година на платото на УКИМ беше организиран настан Отворен ден на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на кој Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје со свои претставници од редот на наставници, асистенти и докторанди (Проф. д-р Ксенија Илиевска, доц. д-р Мартин Николовски, Моника Довенска ДВМ докторанд, Љубица Рашиќ

ДВМ докторанд, асс. Јане Влахов, ДВМ, Проф. д-р Благица Сековска), како и студентите од Факултетското студентско собрание во координација со претседателот на ФСС, Тамара Танкоска земаа активно учество, овозможувајќи им на заинтересираните средношколци и идни студенти детално да се запознаат со активностите кои ги нуди ФВМ-С, студиските програми, можностите за меѓународна размена и мобилност на студенти.

На покана на Гимназијата „Кочо Рацин“ од Велес, како и секоја година, ФВМ-С учествуваше на Отворениот ден во организација на средното училиште каде свој придонес дадоа колегите доц. д-р Ристо Узунов и асс. Јане Влахов, ДВМ.

Како и минатата година, согласно билатералниот договор со Средното ветеринарно училиште „Браќа Миладиновци“ од Скопје, на Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје, својата задолжителна пракса ја обавуваат учениците од средното училиште.

На 06 јули 2024 год., во организација на УНИКОМПАС и Студентарија, со подршка од USAID North Macedonia за млади кои активно создаваат можности – Youth Actively Create Opportunities, во Младинскиот културен центар во Скопје беше организиран првиот саем на Универзитети, каде ФВМ-С заедно со дел од единиците на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, и останатите Универзитети во РМ зема активно учество, презентирајќи ги студиските програми на средношколците и идни студенти и запознавајќи ги со можностите кои ги нуди ветеринарната професија. На Саемот покрај продеканот за настава, Проф. д-р Ксенија Илиевска, учество земаа и доц. д-р Мартин Николовски, доц. д-р Ристе Узунов, Моника Довенска ДВМ докторанд, асс. Јане Влахов ДВМ, асс. Борис Димитриевски ДВМ и Дамјан Мицков, ДВМ (стажант).

На 05 декември 2024 година, беше одржан 2. Отворен ден на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, кој се одржа со физичко присуство на секој од факултетите, во два термина.

Со формирање на Центарот за кариера на ФВМ-С (Одлука бр. 0202-616/4 од 4.06.2024 год.) (во состав Проф. д-р Кирил Крстевски; Проф. д-р Благица Сековска; Асс. Јане Влахов; Асс. Борис Димитриевски; Асс. Ивана Шиковска; Асс. Иван Матовски), сите промотивни активности досега и во следниот период ќе бидат спроведени во координација со претставниците на Центарот и со подршка на PR агенцијата.

Имајќи предвид дека години station наназад голем број средношколци своето студирање го продолжуваат надвор од нашата земја, како декан ќе се залагам за интензивирање на промотивните активности, организирање на креативни работилници и советувања на средношколци како за потребите на развојот и промоцијата на ветеринарната професија.

9. Студентска организација и студентски активности

9.1. Факултетското студентско собрание

Согласно актите на Факултетот и Универзитетот, студентите се активно вклучени во различни облици, комисии и тела на Факултетот. Претставниците на Факултетското студентско собрание при Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје (ФСС ФВМ-С) учествуваат во работата на Наставно-научниот совет, чиј број се зголеми од 3 на 4 преставници, Деканатската управа, Комисијата за самоевалуација, Комисијата за настава, Комисијата за изготвување на предлог – проект за реакредитација на студиска програма од интегриран прв и втор циклус студии по ветеринарна медицина на англиски јазик и Комисијата за издавачка дејност. Со зголемување на бројот на учество на студентите во телата на Факултетот, се зголеми и бројот на барањата поврзани со наставниот процес, финансиска помош за бројните активности кои беа позитивно решавани од страна на Деканатската управа.

Како и досега, заеднички ќе овозможиме обезбедување на средства со цел покривање на трошоците за учество на студентите на бројни симпозиуми, хуманитарни акции, студентски активности, натпревари и сл.

Особено би го истакнал залагањето на студентите и претставниците на ФСС за заживување на Интернационалната ветеринарна студентска асоцијација (ИВСА), која години station наназад, особено во периодот за време и по пандемијата на КОВИД 19, забележа драстичен пад во однос на своите активност. Согласно досегашните информации, студентите имаа подготвено презентација со која се претставија на состанокот на светскиот огранок на ИВСА во месец декември, 2024, од каде се чека повратен одговор за нејзина пререгистрација.

Во изминатата 2024 година, покрај мобилности во рамките на летните школи, забележани се бројни активности од страна на студентите и ФСС, кои во соработка со предметните наставници организираа неколку работилници, на кои активно учество земаа студентите од сите студиски години:

- Менаџмент на итни состојби во ветеринарната пракса – одржана на 08.04.2024 год.;
- Основи на научно-истражувачката работа – одржана на 17.04.2024 год.;
- Паразитолошки случаи во ветеринарната медицина – одржана на 09.05.2024 год.

Покрај оваа работилница, во соработка со Универзитетското студентско собрание, студентите на Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје успешно го претставија својот

матичен факултет на Меѓународниот ден на студентите, кој се одбележа на 18 ноември, 2024 год. во Лабораториум, каде свое обраќање покрај актуелниот претседател на УСС Александар Николовски, имаа и Проф. д-р Гордана Силјановска Давкова, Претседател на РСМ, Проф. д-р Христијан Мицковски, Претседател на Владата на РСМ и Проф. д-р Весна Јаневска, Министер за образование и наука.

На 25.11.2024 год., повторно во соработка со УСС, ФСС при ФВМ-С ја организираа интерактивната работилница Од преглед - До конец, која се одржа во Нетавил, каде беа демонстирани начините на изведување на општ клинички преглед на пациент, и беа прикажани основните хируршки техники на шиење во ветеринарната медицина, од страна на Проф. д-р Елена Атанаскова Петров и асс. Јане Влахов, ДВМ. Не помалку важно е да се напомене дека со подршка од Факултетот и Деканатската управа, на 10.12.2024 год. во Студентскиот културен центар, студентите успешно го одбележаа и Меѓународниот ден на ветеринарната медицина со презентации и интерактивни штандови.

Со организирање на Денот на вашето миленичe на 22.12.2024 година на платото пред спортската сала Јане Сандански, студените на ФВМ-С ги исполнија предвидените активности за изминатата 2024 год.

9.2. Работилници и настани организирани од страна на студентите

Со цел одбележување на "Неделата на подигнување на свеста за рационална употреба на антибиотици", на 20.11.2024 година на Факултетот за ветеринарна медицина беше одржана тематска работилница со наслов *"ЕДУЦИРАЈ. ЗАСТАПУВАЈ. ДЕЛУВАЈ СЕГА"*.

Во рамките на работилницата, беа одржани следните предавања: асс. Ивана Шикоска, ДВМ – Супербактерии против анибиотици. Кој ќе ја добие битката; асс. Јане Влахов, ДВМ – Асепса – Прва линија на одбрана против антимикробната резистенција; Анастасија Стојановска, студент на ФВМ-С – Подигање на свеста за АМР: Сопственици, АМР и мачки; Деа Блажевска, студент на ФВМ-С - Стафилококи кај мачките и предизвикот за АМР; Матеј Александровски, студент на ФВМ-С – Употреба на антимикробните средства во ветеринарната мала пракса и правила за нивна рационална употреба; Лариса Велева, студент на МФ – Важноста на концептот *Едно здравје* во борбата против антимикробната отпорност; Ѓоко Бојковски, студент на МФ – МРСА како значаен здравствен предизвик во борбата со антимикробната отпорност: проблеми, механизми на отпорност и стратегии за справување; доц. д-р Ристо Узунов - Антибиотици во храната – дали треба да бидеме загрижени?

10. Совет за квалитет и комисија за самоевалуација

Согласно Правилникот за обезбедување на квалитет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 674/2024) во рамките на Универзитет беше формиран Центар за квалитет, а оттука понатаму се формираа Совет за квалитет и Комисија за самоевалуација на единиците. Последователно, во рамките на Факултетот за ветеринарна медицина се формираа Комисија за самоевалуација (Одлука на Наставно-научниот совет бр. 0202-306/4 од 14.03.2024) (во состав: Доц. д-р Мирослав Ќосевски; Проф. д-р Флорина Поповска -Перчиниќ; Проф. д-р Елена Атанаскова- Петров; Проф. д-р Бранко Атанасов; Проф. д-р Александар Додовски Матеј Александровски, студент; Мартина Костадинова, студент) и Совет за квалитет на Факултетот за ветеринарна медицина (Одлука на Наставно-научниот совет бр. 03 – 526 од 29.04.2024) (Проф. д-р Зехра Хајрулаи Муслиу; Проф. д-р Мирко Проданов; Проф. д-р Кирил Крстевски, Ана Алексовска студент; претставник од стопанството Абдулезел Догани). Според донесената Стратегија за обезбедување на квалитет на Универзитетот за иницијатива на Центарот за квалитет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје за 2024-2029 година во периодот од 2 мај од 10 Јули 2024 година (УКИМ Одлука бр. 02-588 од 01.04.2024) се спроведе постапка за самоевалуација на Факултетот за ветеринарна медицина. Во наведениот период и по спроведените обуки од страна на Центарот за квалитет, Комисијата за самоевалуација работеше на изготвување на Извештајот за самоевалуација на Факултетот за ветеринарна медицина согласно Образецот за Извештај од самоевалуација издаден од Одборот за евалуација при Агенцијата за квалитет во високото образование. Дополнително во периодот од 13 до 30 Јуни 2024 година се спроведоа следните анкети по електронски пат: анкета на студентите за квалитетот на наставниот и соработничкиот кадар; анкета за општите услови за студирање; анкета за општите услови за работа на наставниот кадар и анкета за општите услови на стручно-административниот кадар. Врз основа на добиените одговори од целните групи во анкетите и евалуацијата на индикаторите за стандардите за квалитет Комисијата ги изработи Извештајот од спроведени анкети за учебната 2023/24 и Извештајот за самоевалуација на ФВМ-С беа усвоени на седница на Наставно-научниот совет одржана на 29.07.2024 со Одлука бр. 0202-885/3. Изготвените документи беа доставени до Комсијата за самоевалуација при УКИМ, каде по понатамошни консултации и анализи Извештајот од Факултетот беше финализиран. Комисијата за самоевалуација ја продолжи својата работа и согласно предвидените активности на УКИМ следниот Извештај за самоевалуација треба да биде изготвен во 2026 година.

Врз основа на Извештајот за самоевалаиција и по препораките на УКИМ, Советот за Квалитет при Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје, изработи Годишен Акциски план за 2024-2025 година и истиот беше усвоен на седница на Наставно-научниот совет одржана на 30.09.2024 со Одлука бр. 0202-1052/15. Акцискиот план предвидува конкретни мерки за отстранување на слабостите и унапредување на квалитетот на наствно образовната дејност на Факултетот.

Предвидените мерки во акцискиот план претствуваат и идни прироритетни активности во работата на Деканот и Деканатската управа за следниот период.

Наведените активности иницирани од страна на УКИМ и Центарот за квалитет се новина во спроведувањето на самоевалуацијата на Факултетот и неговата подготовка за надворешна евалуација. Овие позитивни иницијативи значително ќе придонесат кон подобрување на квалитетот и работата во наставно-научната дејност на ФВМ-С, а особено во насока на идната EAEVE акредитација. Оттука, Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје и во следниот период целосно ќе ја поддржи работата на Комисијата за самоевалуација и Советот за квалитет и ќе ги следи препораките дадени од Центарот за квалитет при Универзитетот.

На крајот би сакал да истакнам дека како декан и понатаму ќе се заложам овие процеси да продолжат со цел унапредување на наставниот процес и издигнување на квалитетот на студирањето на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје кое треба и може да се подигне само со ефикасен модел на финансирање кој произлегува од реалните потреби, а важен предуслов за успешно решавање на овој проблем е донесување на предлог-мерките за финансирање на високото образование врз основа на индикатори за реално чинење на образованието на одредени профили, во кои припаѓа и вреднувањето на наставата како главна одлика на Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје.

11. Кадровска состојба на факултетот

Наставно-научниот совет на седница одржана на 5.09.2024 година донесе Одлука број 0202-994/6 со која се врши усогласување на називот и кодните броеви на научно - истражувачките области и распоредување на научните дисциплини согласно областите утврдени во Уредбата за утврдување на научно истражувачки полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 91/2024). Составен дел на Одлуката е Табелата за еквиваленција на научни области помеѓу Класификацијата на

научно-истражувачките подрачја, полиња и области („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/2010, 168/2010) и Уредбата за утврдување на научно истражувачки полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 91/2024). Со Уредбата се утврдуваат научно-истражувачките полиња од трето ниво области, како дополнување на двете нивоа на Меѓународната Фраскатиева класификација. Согласно членот 4 е утврдено дека високообразовните и научните установи ќе извршат соодветно усогласување на називите и кодните броеви на научно - истражувачките области и распоредување на научните дисциплини во своите акти согласно областите утврдени во оваа уредба најдоцна во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на оваа уредбата. Врз основа на одлуката беа изготвени Анекс на договори за вработување за вработените согласно уредбата, со што беше испочитуван законскиот рок.

За жал во 2024 година не беше возможно да се реализираат добиените согласности за вработувања добиени во 2023 година поради Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и со Изборниот законик и неговите одредби кои беа на сила во пред, во текот и по изборниот процес. По тој период до Министерството за финансии доставив допис со број 03-759 од 28.06.2024 година со кој се барам појаснување за започнување на постапка за избор во наставно-научно и соработничко звање согласно добиени согласности за обезбедени финансиски средства за вработување за 2023 година. Од Министерството за финансии добивме Известување со бр. 08-623/4 и Известување бр. 02-6650/2 од 23.07.2024 година со кое се запираат сите потапки за вработувања кои се добиени пред пред 14.02.2024 година и по 24.06.2024 година.

Во наредниот прериод јас како декан ќе продолжам да работам на добивање одобренија за вработување согласно систематизацијата на факултетот и барањата добиени од повеќе катедри за утврдување потреба за распишување конкурси за прием на асистенти.

12. Одбор за соработка и доверба со јавноста

На 9.1.2025 година одржана е 1. Конститутивна седница на Одборот за соработка и доверба со јавноста. На седницата е верификуван на мандатот за членовите на Одборот. Одборот го сочинуваат Проф. д-р Тони Довенски-претседател, и членовите Проф. д-р Лазо Пендовски, др. Слада Дрндар-преставник од Агенција за храна и ветеринарство на Република Северна Македонија и Томислав Николовски-преставник од Ветеринарната комора на Република Северна Македонија.

13. Меѓународна соработка

Во рамките на меѓународните активности и соработка, Факултетот продолжи со негово институционално делување на регионално и европско ниво. Овие облици на делување се остваруваа преку мобилности на студенти, наставен, научен и техничо-административен кадар, реализација на билатерлани договори, официјални посети на партнерски институции и организации, организаирање и учество на меѓународни настани, потпишување билатерални договори, партиципација во меѓународни мрежи, како и размена на искуства со меѓународните партнери. Преку главните програми за мобилност достапни на Факултетот CEEPUS и ERASMUS+ беа реализирани следните активности:

13.1. Програма CEEPUS

Во рамките на CEEPUS програмата во 2024 година беа реализирани следните активности:

Реализирана мобилност на 2 странски студенти.

| **Име** | **Семестар** | **Матична институција/период** |
|---|---|---|
| Wiktoria Piotruk | 10 (летен семестар) | Wroclaw University of Environmental and Life Sciences Faculty of Veterinary Medicine (01-31.05.2024) |
| Ścigaj Patrycja | Семестар пректична настава | Wroclaw University of Environmental and Life Sciences Faculty of Veterinary Medicine (01.07.2024 - 30.09.2024) |

Реализирана на мобилност на 2 странски наставници во летниот семестар.

- Проф. д-р Милутин Ѓорѓевиќ, од Катедрата за анимална хигиена на Факултетот за ветеринарна медицина во Белград при Универзитетот во Белград кој престојуваше на Катедрата за зоохигиена и заштита на животна средина во период од 03- 08. 04.2024 година;
- Проф. д-р Зоран Врбанац од Катедрата за радиологија, ултразвучна дијагностика и физикална терапија на Факултетот за ветеринарна медицина при Универзитетот во Загреб, престојуваше на катедрата за рендгенологија и физикалана терапија од 27-31.5.2024 година.

Реализирани се неколку мобилности за летни школи CEEPUS mobility undergraduate students за 2023/24 година и тоа:

- Факултет за ветеринарна медицина при Универзитетот во Загреб, летна школа "Зоонози" на која учествуваа студентите Танкоска Тамара, Гаврилоска Магдалена, Адемовиќ Ирем, Ацевска Мери. Период на мобилност 13.05.2024 - 18.05.2024 година;
- Ветеринарен Факултет -Универзитет во Љубљана летна школа "From Sperm and Oocyte to Offspring: The Journey of Canine and Feline Reproduction" на која учествуваа студентите Стојановска Андреа, Мислими Елемдина. Период на мобилност 08.07.2024 - 13.07.2024 година;
- Универзитет за ветеринарна медицина во Виена, летна школа "Благосостојба и етика на животните" на која учествуваа студенте Ќортошиева Јана, Теодора Крстевска, Фиона Јусуфи, Александровски Матеј, Елеонора Додевска, Деа Блажевска, период на мобилност 12.07.2024-19.07.2024 година;
- Факултетот за ветеринарна медицина во Белград, при Универзитетот во Белград - "Летна школа за планинско одгледување животни" на која учествуваа студенте Пановска Илина, Тодова Илијана, период на мобилност 2.07.2024-19.07.2024 година.

Преку програмата CEEPUS mobility 2023/24 (B) Short-term PhD Student mobility (1 to 2 months per person) во летниот семестар се реализираа три мобилности за докторантите и тоа::

- Шикоска Ивана претстојуваше на катедрата за микробиологија и имунологија на Факултетот за ветеринарна медицина при Универзитетот во Загреб во период 15.04 - 05.05.2024 година;
- Димитриески Борис претстојуваше на Катедрата за радиологија, ултразвучна дијагностика и физикална терапија на Факултетот за ветеринарна медицина при Универзитетот во Загреб во период 01.04. - 01.05.2024 година;
- Влахов Јане претстојуваше на Катедрата за регенеративна медицина на Универзитетот за ветеринарна медицина во Виена во период 01.04. - 01.05.2024 година.

Преку програмата CEEPUS mobility 2023/24(C) Teaching Staff mobility во летниот семестар се реализираа три мобилности за наставници и тоа:

- Проф. д-р Цветковиќ Александар претстојуваше во катедрата за ветеринарна паразитологија на Ветеринарниот факултет при Универзитет во Приштина, Р. Косово, во период 11. - 15.12.2023 година;
- Проф. д-р Илиески Влатко претстојуваше во како предавач во летната школа (Зоонози) организирана од факултетот за ветеринарна медицина при Универзитетот, Р. Хрватска во период 13 - 18.05.2024 година;
- Проф. д-р Илиески Влатко кој претстојуваше во како предавач во летната школа (Благосостојба и етика на животните) на Универзитетот за ветеринарна медицина во Виена во период 07 - 12.07.2024 година.

13.2. Програма ERASMUS +

Од странана ERASMUS координаторот во 2024 година превземени превземени беа следните активности:

- Подготовка на договорот за учење (Learning agreement), преку споредба на компатибилноста на положените испити на матичните факултети со наставната програма и курикулумот на ФВМ-С, пред доаѓање на студентите, и потпишување на договорот за учење;
- Консултација и координација со предметни професори;
- Подготовка на документ за репортирање на студентската активност по реализираната мобилност;
- Подготовка на Финален извештај, Потврда за присуство и Сертификат со оцени.

За време на реализација на мобилност, подготвена е дополнителна промена на дел од предметите во LA документот со ЕРАЗМУС+ координаторот на матичен факултет (студент од Истанбул).

Странски студенти кои престојуваа на нашиот факултет во академската 2023/2024 година беа:

| No. | Име | Семестар | Матична институција/период |
|---|---|---|---|
| 1. | Oliwia Gorelikowa | Додипломски студии (7 и 8 семестар) | University of Warmia and Mazury, Faculty of Veterinary Medicine in Olsztyn in Poland (2.10.2023-8.7.2024) |
| 2. | Romina Zappone | Мастер студии (летен семестар) | University of Teramo, Faculty of Veterinary Medicine, Italy (15.2. -30.6.2024) |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 3. | Ebru Ordu | Додипломски студии | Istanbul University (21.2. -2.7.2024) |

Активности околу реализацијата на мобилност за настава на 2 професори од ФВМ-С преку ЕРАЗМУС+ програмата, како и помош во изготвување на пропратна документација. Преку оваа програма во летниот семестар се реализираа две мобилности и тоа:

- Проф. д-р Благица Сековска од Катедрата за економика и менаџмент престојува на Катедрата за ветеринарна економика и епидемиологија при Ветеринарниот факултет во Загреб при Универзитетот во Загреб во период од 15-19.04.2024 година, и
- Проф. д-р Елена Давитковска од Катедрата за управно ветеринарство престојува на Катедрата за форензична ветеринарна медицина на Факултетот за ветеринарна медицина во Белград, при Универзитетот во Белград од 27.5.-31.5.2024.

Реализана е мобилност за Проф. Nicoleta Ciocîrlie од Факултетот за ветеринарна медицина во Букурешт, Романија преку ЕРАЗМУС+ програмата за период 22-26.9.2024, и изготвување на пропратна документација.

Подготовка на документација пред и по завршување на мобилност на 2 вработени како ненаставен кадар во летниот семестар, и тоа: Снежана Ќурковиќ и Гордана Ковач од Ветеринарниот факултет во Загреб кои престојуваа на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје во период 2.9-6.9.2024.

Активности околу консултација, изготвување и потпишување на договор за учење (LA документ) за два странски студента во учебната 2024/2025 година. Тоа се студентите: Daniel Wiśniewski и Aniela Kaczor од Факултетот за ветеринарна медицина во Олштин, Полска, кои веќе престојуваат на ФВМ-С во академската 2024/2025 година (во период октомври 2024 - јули 2025).

Активности за потпишување два нови билатерални договори со:

University of Agronomic Sciences and Veterinary Medicine of Bucharest, Faculty of Veterinary Medicine, Romania (Erasmus code: RO BUCURES12). Склучен во август 2024, за периодот 2022-2028;

Burdur Mehmet Akif Ersoy University, Türkiye (Erasmus code: TR BURDUR01). Склучен во јули 2024; за периодот од 2024/25 до 2028/29;

Потишување на дел од проектот: Reaching Beyond Borders: Enhancing Communication and English Proficiency in Veterinary Medicine Education (VETCOM), Тип: KA220-HED - Cooperation partnerships in higher education, аплициран и добиен преку ЕРАЗМУС+ програмата за период 1.9.2024 - 31.8.2026, реализација е во тек;

Комплетирана апликација на студент Тамара Танкоска за индивидуална мобилност за студенти во академската 2024/2025 година, која ќе се реализира во летниот период (јули-август 2025 год) - апликацијата е одобрена;

Активности околу апликација на Проф. Влатко Илиески за индивидуална мобилност за настава на Депарманот за Ветеринарна Медицина при Универзитетот во Терамо, Италија за период 11-17.4.2025 година.

Сублимирано, во академската 2023/2024 учебна година 19% од докторандите и 15% од студентите на додипломските студии реализираа мобилности поддржани од факултетот. Дополнително, се зголемува фреквенцијата и бројот на странски студенти кои користат различни програми за посета и учествуваат во реализација на планираните активности во рамките но и надвор од факултетот. Сето ова придонесува кон подобро етаблирање на факултетот на меѓународната мапа на ветеринарни факултети, а институцијата се стекнува со сé поголемо искуство да биде домаќин и да интегрира странски студенти во различните форми на работа.

### 13.3. Меѓународни активности

Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје во рамките на своите меѓународни активности во изминатата 2024 година продолжи со проширување на своите партнери и потпиша дополнителни билатерални договори за меѓународна соработка со научно-истражувачки институции од различни држави:

На седницата одржана на 18.11.2024 година Наставно-научниот совет донесе Одлука бр. 0202-1275/12 за прифаќање на Договорот за соработка склучен помеѓу Факултетот за ветеринарна медицина - Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и Хрватскиот ветеринарен институт, Република Хрватска.

На седницата одржана на 27.08.2024 година Наставно-научниот совет донесе Одлука бр. 0202 – 994/7 за прифаќање на склучениот Меморандум за соработка со Istituto Zooprofilatico Sperimentale dell`Abruzzo e del Molise „G.Caporale“ - Терамо, Италија.

Дополнително, доказ на добрата меѓународна соработка е и изборот на Факултетот за домаќин на 2. Европска конференција за ветеринарна и медицинска едукација 2024 како дел од научниот собир Денови на ветеринарна медицина.

На седницата одржана на 4.06.2024 година Наставно-научниот совет донесе Одлука бр. 0202-616/8 со која се одобрува склучениот Меморандум за соработка помеѓу Факултетот за ветеринарна медицина - Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и Факултетот за ветеринарна медицина Кириккале при Универзитетот во Турција.

Согласно член 84 од Статутот на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје, на седницата на Наставно-научниот совет одржана на 26.12.2024 година донесена е Одлука бр. 0202-1474/13 за формирање на Одбор за меѓународна соработка (доц. д-р Мирослав Ќосевски; Проф. д-р Ксенија Илиевска; Проф. д-р Флорина Поповска – Перчиниќ; Проф. д-р Зехра Хајрулаи Муслиу; Проф. д-р Василка Попоска Треневска; Проф. д-р Сандра Мојсова). Одборот се формира како стручно тело, со цел развој и унапредување соработка со други Факултети за ветеринарна медицина и сродни високообразовни и научни институции на меѓународно ниво.

## 14. Применувачка дејност

Со цел обезбедување на единствен систем на менаџирање со применувачката дејност на факултетот беа направени измени во организационата структура. Согласно Статутот на факултетот кој стапи на сила 1.3.2024 година, се изврши интеграција на трите институти и се формираше Национален институт за ветеринарство и храна. Институтот претставува основна внатрешна единица на Факултетот која се формира за изведување на високообразовна дејност, поврзана со соодветното научноистражувачко поле за развојни, применувачки и фундаментални проекти и активности. Во рамките на институтот се организирани и функционираат лаборатории во кои се изведуваат анализи со акредитирани методи од соодветното научноистражувачко поле по стандардот МКС EN ISO/IEC 17025.

Со ваквата поставеност посветено е посебно внимание на применувачката дејност со цел поефикасна соработка со стопанството, органите на државна управа, министерствата и физички лица кои доставуаат барања и примероци за тестирање.

Дејноста на институтот има значаен дел во приходите што има диреkно влијание врз приходните на вработените кои се обезбеднуваат од сопствените средства, ккао и планирањето на инвестиции и развој на Факултетот.

И оваа година Факултетот учествуваше во својство на Економски оператор во постапките за јавни набавки преку кои се потпишани договори за вршење на лабораториски услуги и тоа:

| Договорен орган | Предмет на договорот за јавна набавка | Договор број |
|---|---|---|
| Царинска управа на РСМ | Лабораториски испитувања во надворешни лаборатории на стоки кои не се производи од нафтена индустрија, дел 17 и делови 3, 9, 11, 14, 15 и 19 | бр. 05-053570/240025 од 13.1.2025 година<br><br>бр. 05-05350/240025/2 од 13.05.2025 година |
| Агенција за храна и ветеринарство | Лабараториски услуги за ветеринарно јавно здравство | Одлуката е јавно објавена |
| ЈПЗБК СТАЦИОНАР-ЛАНА Струмица | Вршење лабораториски панел за испитување на кучешка лајшманиоза | бб |
| Агенција за храна и ветеринарство | Лабораториски услуги за Програма за контрола и превентива на одделни физички , хемиски и биолошки опасности во определени видови или категории храна за 2024 година | 37-1885/3 од 20.09.2024 година |
| Агенција за храна и ветеринарство | Лабараториски услуги за ветеринарно јавно здравство | Анекс бр. 37-1554/2 од 20.06.2024 година |
| Агенција за храна и ветеринарство | Лабораториски услуги за здравствена заштита на животните од заразни болести | бр. 37-1361/4 од 22.07.2024 година |
| Агенција за храна и ветеринарство | Лабараториски услуги за мониторинг на безбедноста на храната на Република Македонија | бр. 37-1037/14 од 20.09.2024 година |

Грарнција за квалитетот на лабораториските услуги кои ги нуди Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје е Сертификатот за акредитација издаден од Институтот за акредитација на Република Северна Македонија (ИАРСМ) под стандардот МКС EN ISO/IEC 17025. Овој сертификат не само што претставува дополнителна потврда за доверливоста и високите стандарди на лабораториските услуги за клиентите на ФВМ-С, туку е и клучен предуслов за одржување на конкурентноста и унапредување на лабораториската дејност.

И оваа година во периодот од 26-27 март 2024 година Факултетот за ветеринарна медицина успешно ја помина ре-акредитацијата со проширување на опсегот со 2 нови акредитирани методи извршена од страна на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија согласно стандардот МКС EN ISO/IEC 17025:2028. Со 202 акредитирани методи факултетот вложува големо внимание на одржување на постоечките и проширување со нови методи. Со тоа и покрај конкурентските услови на пазарот на лабораториски услуги во државата, остануваме институција препознатлива со широк опсег на полиња во кои ги вршиме тестирањата.

Преку воспоствениот процес на одржување на системот за квалитет на лаборатории за тестирање според ISO стандардот, воспоставен е систем преку кој раководителот на институтот, раководителите на лабораотриите и сите вработени според матрицата на компетентност постојано работат на одржување и на унапредување на системот за квалитет. За таа цел координаторот на системот за квалитет води редовни контроли и проверки, како и предлагање на мерки за постојано подобрување.

Секако за успешното одржување на системот потребни се сериозни инвестиции во набавка на нова опрема, сервисирање и калибрација, набавка на реагенси и потрошни материјали, набавка на заштитна опрема за вработените и обезбедување на соодветни амбиентални услови во лабораториите. Согласно барањата на системот потребна е и калибрација на опремата и мерните инструметни, набавка на стандарди за калибрација, учество во тестови за оспособеност организирани од комерцијални провајдери или европските референтни лаборатории во соодветните области на тестирање.

Деканатската управа во рамки на своите надлежности редовно работеше на планирање и обезбедување на потребните услови за работа за што се реализирани голем број на јавни набавки евидентирани преку системот за ЕСЈН.

Освен постоечките, потпишани се нови договори со комитенти кои комерцијално ги користат услугите на лабораториите на Факултетот, со што со што се потврдува квалитетот на лабораториските услуги кои ги нудиме.

## 15. Работа на органи на управување на факултетот

### 15.1. Наставно-научен совет

Во извештајниот период, одржани се 13 редовни седници на Наставно-научниот совет на факултетот. Седниците на Наставно-научниот совет се свикуваа навремено со нивно темелно подготвување, со цел тие да бидат што поефикасни и поконструктивни.

Како декан се придржував на спроведувањето на важечките законски прописи и нормативни акти на Факултетот, Универзитетот и државата.

Особен акцент давав на извршувањето на одлуките и заклучоците на Наставно-научниот совет. Грижата за вршење на високообразовна, научно-истражувачка и применувачка дејност беше во приоритетите на моето работење според постојните законски и нормативни акти.

Во овој дел на извештајот ги издвојувам и одредени општи акти кои се донесоа од страна на Наставно-научниот совет а по предлог на Деканатската управа и кои ги поминаа сите рлевантни инстанци на Унивреизтетот и се објавени во Универзитетски гласник, и тоа:

- Одлука за плати, надоместоци и додатоци на плата и други надоместоци од дополнителните средства од сопствени приходи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје – Факултет за ветеринарна медицина – Скопје (пречистен текст) (Универзитетски гласник бр. 708/2024);
- Правилник за формирање на постојани работни тела Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје и утврдување на нивните надлежности, состав и начин на работа "Универзитетски гласник бр. 680/2024);
- Правилник за заштита од пожари и експлозии на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје "Универзитетски гласник бр. 680/2024);
- Политика за квалитет и Правилник на системот за обезбедување на квалитет на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 667/2023).

### 15.2. Деканатска управа

Во извештајниот период, одржани се и 13 редовни седници седници на Деканатската управа.

Во извештајниот период Деканатската управа донесе повеќе одлуки согласно новиот статут за непречено извршување на функциите на факултетот.

Со стапување на сила решението за назначување на деканот и со спроведените избори за продекани и раководител на институтот, Деканатската управа донесе Одлука (Бр. 0201 – 275-1 од 1.03.2024 година) со која се конституира Деканатската управа на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје.

Во продолжание листа со некој од одлуките на деканатската управа кои би ги издвоил.

Со Одлука Бр. 0201 - 275/5 од 1.03. 2024 година Проф. д-р Флорина Поповска Перчиниќ, за потребите на системот за квалитет MKS ISO/IEC 17025:2018 на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје, се назначува за контакт лице за решавање на поплаки од клиентите.

Со Одлука Бр. 0201 –425/2-12 од 5.04.2024 година Проф. д-р Јована Стефановска се назначува за службено лице одговорно за посредување со информации од јавен карактер на Факултетот за ветеринарна медицина во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Службеното лице за посредување со информации од јавен карактер ќе контактира, ќе ги дава потребните информации и ќе му помага на барателот на информации и воедно ќе води посебна евиденција за примените барања за информации, чувањето и давањето на информации. а во врска со член 8 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија бр. 101/2019).

Со Одлука бр. 0201-469/3-9 од 22.04.2024 година М-р Сара Ѓурковска, магистер по правни науки, се назначува за овластено лице за прием на пријави доставени заради заштитено внатрешно пријавување на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" – Скопје. Врз основа на член 4 од Законот за заштита на укажувачи („Службен весник на Република Македонија" бр. 196/2025, 35/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија " бр. 257/2020) и член 2 точка 1 и член 3 од Правилникот за заштитено внатрешно пријавување во институциите во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр. 46/2016).

Со Одлука бр. 0201-469/3-13 од 22.04.2024 година доц. д-р Мартин Николовски, се определува за офицер за заштита на личните податоци кој обврски според одредбите со Закон за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20).

Со Одлука бр. 0201 - 469/4-1 од 22.04.2024 година м-р Сара Ѓурковска, магистер по правни науки, и лице кое има стекнато потврда за положен испит за јавни набавки, се назначува за лице за вршење работи од областа на јавните набавки на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје.

Со Одлука бр. 03-755/3-5 од 1.07.2024 година се формира Комисија за изработка на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за плати, надоместоци и додатоци на плата и други надоместоци од дополнителните средства од сопствени приходи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје – Факултет за ветеринарна медицина – Скопје (Универзитетски гласник бр. 625/2022) ,

На одржаните седници на Деканатската управа донесе поголем број одлуки значајни за функционирањето на факултетот, а се во нејзина надлежност.

Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје, во текот на 2024 година, продолжи со инвестиции за својот развој, користејќи сопствени средства. Најголеми напори беа насочени кон зголемување на капиталните инвестиции, што претставува клучен чекор за обезбедување на континуиран напредок.

Благодарение на претходно преземени активности за решавање на проблемот со легализацијата на објектите на ФВМ-С, во 2022 година се изработија нови проекти и анекси на геодетски елаборати за бесправно изградени објекти на КП 1172/1 за КО Гази Баба. Истите повторно беа поднесени до Министерството за транспорт и врски.

Со Решение за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти (бр. 58УП-328/2018, правосилно од 02.12.2022 година), објектите добија правен статус. На 14.02.2024 година, издаден е Имотен лист бр. 50464 за Катастарска општина Гази Баба, со кој се легализирани објектите со површина од над 2700 $м^2$.

Сепак, останува нерешен статусот на еден објект, за кој се води судска постапка започната во 2003 година.

Во извештајниот период извршени се санации на повеќе простории и тековно одржување на објектите, особено интензивирани пред EAEVE превизитацијата. Овие активности се реализирани по барање на вработените, преку систем за јавна набавка. Континуираното одржување на објектите останува приоритет со цел да се обезбедат квалитетни услови за студентите и вработените.

Во 2024 година, набавена е значителна опрема за наставно-образовни и научно-истражувачки активности, меѓу кои: Систем за прочистување вода, лабораториски блендери, спектрофотометар, сет за земање примероци воздух, лабораториска мешалка, технички и аналитички ваги; Информатичка опрема: компјутери, монитори, печатачи и скенери; Медицинска опрема: пренослив дигитален рентген апарат со бежична DR плоча; Опрема за настава: бела техника, климатизери, телевизори и канцелариски мебел.

Дополнително, преку проект од Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, набавена е опрема и потрошни материјали, а преку проектот IAEA MAK5011 – лабораториска опрема, реагенси и потрошни материјали.

Финализирана е процедурата за добивање решение од Агенцијата за храна и ветеринарство за "Институција за експерименти со животни".

МЖСПП додели опрема на трајно користење за Интервентниот тим за големи месојади на ФВМ-С, согласно Одлука бр. 41-1558/6 од 13.02.2024 година, во вредност од 310.000 денари.

Планирани се знчајни инвестиции за 2025 година, и тоа: Замена на дотраена инфраструктура за мрежно поврзување на објектите, со цел надминување на проблемите со интернет поврзаноста; Изнаоѓање можности за ставање во функција на објектите во Петровец, преку подготовка на документација и обезбедување финансии.

Како декан, ќе продолжам да се залагам за набавка на неопходна опрема, замена на застарени технологии и отворање нови можности за истражувачка и применувачка дејност, со цел зачувување на компетитивноста, позицијата и реномето на Факултетот во општеството.

16. Заклучок

Врз основа на гореизнесените податоци, може да се заклучи дека деканот со Деканатската управа работат на реализација на програмата поднесена за избор на декан на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје.

Во текот на изминатата година, Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје продолжи да се развива и унапредува како во наставно-образовниот процес, така и во научноистражувачката дејност. Постигнавме значителен напредок со воведување на нови современи наставни методи и програми кои одговараат на актуелните барања во ветеринарната едукација, реализиравме повеќе научни проекти, објавивме трудови во

релевантни меѓународни списанија и воспоставивме нови партнерства со академски институции во земјата и странство. Ја подобривме опременоста на факултетот и условите за студирање и работа, а зголемен е бројот на меѓународни проекти и студентски размена, што придонесува за подигнување на репутацијата на Факултетот на глобално ниво.

Во извршувањето на сите активности, Факултетот строго ги почитува одредбите од Законот за високо образование, Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и Статутот на Факултетот за ветеринарна медицина. Дополнително, работењето на Факултетот е усогласено со други релевантни закони и акти во Република Северна Македонија, кои го регулираат работењето на високообразовните и научноистражувачките институции. Ова ни овозможува да работиме во согласност со највисоките стандарди на академска етика, законитост и општествена одговорност.

Сепак, свесни сме дека има уште предизвици кои треба да се надминат, како што се зголемување на финансиските ресурси, понатамошно унапредување на наставно-научниот кадар и поинтензивно вклучување во европските програми за истражување и едукација.

Во иднина, останувааме посветени на нашата мисија-да обезбедиме висококвалитетно образование, да придонесеме за развојот на ветеринарната наука и да одговориме на потребите на заедницата.

Декан на Факултет за ветеринарна медицина-Скопје

Проф. Д-р Деан Јанкулоски